# З А П И С Н И К

**од 380-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана во салата на Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 26.08.2021 година, (четврток) со почеток во 10,17 часот**

На седницата присуствуваа, Павлина Црвенковска – претседател на Советот, Киро Здравев и Сашко Георгиев - членови на Советот избрани од редот на судиите и Селим Адеми – член на Советот избран од Собранието на Република Северна Македонија.

На седницата on-line присутни се и членовите на Советот Зоран Теофиловски, Ханиф Зендели и Мери Радевска, Гордана Спиреска и Мирсад Сурoји - членови на Советот избрани од редот на судиите и Весна Дамева, член на Советот избрана од Собранието на Република Северна Македонија.

Отсутни се: Беса Адеми - претседател на Врховен суд на РСМ и Бојан Маричиќ - министер за правда.

Од седницата отсутни се и заменик претседател на Советот Миљазим Мустафа и членот на Советот Лорета Горгиева.

Записникот го водеше Анита Андоноска –генерален секратар на Судскиот совет на РСМ. На седницата присуствуваше и Владимир Станковиќ - државен советник во Судскиот совет на РСМ.

**Претседателот на Советот о**ткако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи Дневниот ред предложен за 380-та седница и отвори расправа по истиот.

Откако констатира дека никој не се јави за збор **Претседателот на Советот** Дневниот ред за 380-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа -„За“, е усвоен следниот

## ***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

1. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- Упп бр. –238/21, 274/21, 318/21, 338/21, 348/21, 353/21, 365/21, 370/21, 383/21, 397/21;

- Упп бр. – 82/21, 339/21, 358/21, 379/21, 398/21, 423/21, 431/21;

- Упп бр. – 213/21, 244/21, 330/21, 351/21, 377/21, 386/21, 402/21, 410/21;

- Упп бр. – 414/20, 130/21, 140/21, 182/21, 197/21, 243/21, 253/21, 268/21, 278/21, 308/21, 317/21, 323/21, 332/21, 344/21, 356/21, 368/21, 378/21, 389/21, 401/21;

- Упп бр. – 298/21, 319/21, 335/21, 343/21, 354/21, 360/21, 369/21, 380/21, 391/21, 400/21;

- Упп бр. – 106/21, 123/21, 138/21, 162/21, 174/21, 186/21, 234/21;

- Упп бр. – 34/21, 247/21, 263/21, 275/21, 283/21, 295/21, 312/21, 326/21, 342/21, 350/21, 364/21, 385/21, 396/21, 405/21;

- Упп бр. – 207/21, 226/21, 256/21, 270/21, 279/21, 347/21, 371/21, 381/21, 392/21, 413/21;

2. Разно.

**Точка 1**

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија.**

Во врска со наведената точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот** збор даде на првиот известител**, членот на Советот Киро Здравев** да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Пред **членот на Советот Киро Здравев** да пристапи кон реферирање на претставките за збор се јави **членот на Советот Зоран Теофиловски**. Побара да биде изземен од учество во расправата и гласањето по претставката УПП.бр.08-370/21 од причини што учествувал во донесување на второстепената одлука како судија на Апелационнен суд Гостивар.

**Во продолжение членот на Советот Киро Здравев** пристапи кон изложување на претставките. Ги изложи и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

По однос на претставката УПП.бр.08-82/21 **членот на Советот Киро Здравев како координатор** за работата на Основен суд Гостивар побара на овој предмет да се обрне посебно внимание и да се следи состојбата.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **Киро Здравев** по изложените претставки (освен претставката УПП.бр.08-370/21 за која **членот на Советот Зоран Теофиловски** побара да биде изземен од гласање). Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП.бр.08-238/21**од05.04.2021 година,во која се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Куманово по предметот П1 бр.150/18 и судии на Апелационен суд Скопје по предметот ГЖ бр.5165/19. Судскиот совет веќе постапувал по претставката поднесена од Државната комисија за спречување на корупцијата, за истата правна работа и со исти наводи и подносителот е известен со Известување УПП бр.08-56/21 од 15.03.2021 година.Претставката насловена како молбасе однесува на прашања на кои веќе е одговорено и во истата нема нови факти и околности кои не биле познати предходното, па согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, Советот утврди дека нема основ за повторно постапување по претставката,предметот се смета за завршен и истиот се архивира. **Претставка УПП бр.08-274/21** од 27.04.2021 и 06.08.2021 година, подносителот е незадоволен од постапувањето на Основен суд Тетово со оглед дека иако со пресудата Квп2 бр.12/2019 од 15.05.2019 година на Врховниот суд на РСМ барањето за вонредно преиспитување се уважува, сепак дури на 25.09.2019 година подносителот излегол од затвор, заради што смета дека е предолг временскиот период од четири и пол месеци од донесување на одлука до нејзино доставување и спроведување што го смета за непостапување на Основен суд Тетово. Доставува и

дополнување со наводи дека иако одлуката на Основен суд Тетово требало да биде објавена на 12.12.2019 година, предвид интернет страната на судот е објавена на 19.12.2019 година, а бара и да се утврди начинот на распределба на предметот.Советот констатира дека барањето на осудениот-подносителот на претставката поднесено преку неговиот бранител за вонредно преиспитување на правосилната пресуда на Основен суд Тетово К бр.415/17 и пресудата на Апелационен суд Гостивар КЖ бр.248/18 е примено во Врховен суд на РСМ на 18.01.2019 година. Врховниот суд донел пресуда Квп2 бр.12/2019 од 15.05.2019 година со која барањето за вонредно преиспитување се уважува, пресудата К бр.415/17 од 30.05.2018 година на Основен суд Тетово и пресудата КЖ бр.248/18 од 17.10.2018 година на Апелационен суд Гостивар се укинуваат и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување. Одлуката е верифицирана на ден 12.09.2019 година, по што истата е примена во Основен суд Тетово и спроведена, а известен е и Затвор Тетово, од каде со отпусен лист од 25.09.2019 година подносителот е пуштен од затвор предвид одлуката Квп2 бр.12/2019 на Врховен суд.Основниот суд Тетово постапил согласно своите законски надлежности и во предвидените рокови, а не бил поминат долг период предвид временската рамка во конкретниот случај од 12.09.2019 година до 25.09.2019 година. По однос на останатите наводи, одлуката К бр.466/19 е донесена и јавно објавена на 12.12.2019 година, односно наредниот ден по завршувањето на расправата, а на веб страната на судот е објавена на 19.12.2019 година, што значи дека од страна на судот е навремено изработена. **Претставка УПП бр.08-318/21** од 21.05.2021 и 07.06.2021 година, за незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје, се напоменува дека судијата постапува по предметот П1 бр.825/18, иако подносителот и останатите тужени уште во одговорот на тужба му ги доставиле на судот одлуките предвид кои за истата правна работа е веќе правосилно одлучено, па согласно одредбите од чл.274 ст.2 од ЗПП судијата требало по службена должност тужбата да ја отфрли како веќе пресудена работа. Советот констатира дека судот постапувал по предметот П1 бр.451/13 во врска со поднесената тужба со барање да се утврди дека тужителите се носители на право на сопственост врз основа на Договор за купопродажба на објект 2 – зграда што се наоѓа на КП бр.11329 за КО Центар 1, да се утврди дека тужителот Милан Божиновски е носител на право на сопственост врз основа на Договор за купопродажба на објект 3 -зграда што се наоѓа на КП бр…. за КО Центар 1 и да се утврди дека сите тужители се носители на правото на сопственост врз основа на наведениот договор на градежно изградено земјиште како дел од КП бр….. за КО

Центар 1, а тужените, меѓу кои и подносителот на претставката, да се задолжат да им ги признаат овие права и врз основа на пресудата да трпат промени во јавните книги во АКН. Со пресуда П1 бр.451/13 од 19.12.2014 година на Основен суд Скопје 2 Скопје тужбеното барање е одбиено како неосновано, пресудата е потврдена од страна на Апелационен суд Скопје со одлука ГЖ бр.916/15 од 13.07.2015 година, а изјавената ревизија на тужителите со пресуда Рев2 бр.655/2015 од 07.02.2017 година е одбиена како неоснована. По однос на предметот заведен пред Основен граѓански суд Скопје под П1 бр.825/18, тужбеното барање е да се утврди дека не постои правен однос на сосопственост –право на сосопственичка заедница врз објект 2, дека Договорот за купопродажба не претставува основ за утврдување на право на сосопственост на идеални делови на тужените и тужителите, дека објектот 2 и земјиштето под овој објект кое му служи исклучиво на тој објект претставува посебна физичка и функционална целина и не постои совладетелски правен однос помеѓу тужителите и тужените, како и дека тужителите према тужените имаат посилна правна основа за правото на сопственост и владение на објектот 2 и земјиштето под зградата и да им го признаат правото на посебна и исклучива сопственост. Судот ќе донесе решение за отфрлање на тужбата само доколку утврди постоење на субјективен и објективен идентитет, и тоа доколку станува збор за спор помеѓу исти странки и за спор за ист правен основ. Со оглед дека постои разлика во тужбените барања и не се работи за пресудена работа, судот не може да ја отфрли тужбата како што бара подносителот, но при постапувањето по предметот П1 бр.825/18 секако ќе биде земена во предвид веќе донесената одлука П1 бр.451/13 и списите на предметот се прибавени на увид. **Претставка УПП бр.08-338/21** од 04.06.2021, 06.07.2021 и 24.08.2021 година, во која се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Велес по предметот К бр.407/15. Судскиот совет констатира дека постапувал по претставка на подносителот, првично доставена до Министерството за правда, која е затворена со службена белешка УПП бр.08-524/20 од 01.03.2021 година, предвид да подносителот не постапил целосно по задолжението на Советот и не ја дополнил претставката во што точно се состои незадоволството и нестручноста на судиите во конкретниот предмет. Во претставката со дополнувањата повторно се истакнуваат исти наводи и во истите не се содржани нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување, па Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истата, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка. **Претставка УПП бр.08-348/21** од 09.06.2021 година, се

изразува незадоволство од постапувањето на Апелационен суд Штип по предметот ТСЖ бр.18/19. Судскиот совет констатира дека постапувал по претставка УПП бр.08-20/1 од 11.01.2021 поднесена од истите подносители во врска со истата правна работа и подносителот е известен со Известување УПП бр.08-20/21 од 15.03.2021 година. Во претставката насловена како одговор на известување повторно се истакнуваат исти наводи и не се содржани нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување, па Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истата, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка. **Претставка УПП бр.08-353/21** од 11.06.2021 и 30.06.2021 година, во која се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Тетово по предметот П4 бр.91/19. Судскиот совет констатира дека од страна на подносителот била доставена претставка во која се содржани истите наводи во врска со постапувањето на судијата на Основен суд Тетово по предметот П4 бр.91/19 и на подносителот му е доставено Известување УПП бр.08-256/20 од 11.12.2020 година. Во претставката УПП бр.08-256/20 и во претставката УПП бр.353/21 се содржани жалбени наводи, во меѓувреме била донесена и пресудата ГЖ бр.725/20 од 27.01.2021 година на Апелационен суд Гостивар со која изјавените жалби на тужителот и на тужениот се одбиват како неосновани, а пресудата П4 бр.91/19 се потврдува во целост. Предвид изјавената ревизија до Врховен суд, наводите содржани во претставката ќе бидат предмет на оценка и од овој суд. Со оглед дека при повторното обраќање не се содржани нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување, Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истата, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка. **Претставка УПП бр.08-365/21** од 16.06.2021 година, доставена од Државната комисија за спречување на корупцијата, во врска со меѓудругото, незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот СТ.бр.2416/14. Советот констатира дека од страна на подносителот на пријавата пред Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена претставка до Советот заведена под УПП бр.08-485/20 од 09.12.2020 година и подносителот е известен со Известување УПП бр.08-485/20 од 05.03.2021 година. Со оглед дека Судскиот совет веќе постапувал по претставка во врска со исти наводи и за истата правна работа, а во новоподнесената претставка не се наведени нови факти или околности, претставката да се затвори со службена белешка предвид чл.11 од Законот за постапување по

претставки и предлози. **Претставка УПП бр.08-383/21** од 23.06.2021 и 13.07.2021 година, за незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје и Апелационен суд Скопје во врска со поднесената тужба на подносителот за повреда на правата од работен однос.Советот констатира дека пред Основен граѓански суд Скопје бил заведен предмет по поднесена тужба на подносителот, за неисплатена разлика во плати и придонеси за ПИО. Од страна на судот по спроведена постапка била донесена пресудата РО бр.796/12 од 22.10.2013 година согласно која тужбеното барање се одбива како неосновано. По изјавена жалба на подносителот, судечкиот совет на Апелационен суд Скопје со одлуката РОЖ бр.201/14 од 15.10.2014 година пресудата на првостепениот суд ја потврдил, освен во делот за парничните трошоци. Постапката за која се однесуваат наводите содржани во претставката е правосилно завршена. Воедно, согласно член 61 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд се поведува во рок од шест месеци од денот на осознавање на сторената повреда, но не подоцна од три години од денот на сторувањето на повредата. Со оглед на фактот што се работи за предмети кои се завршени со пресуди во 2013 и 2014 година, по истите Советот нема надлежност да постапува. **Претставка УПП бр.08-397/21** од 01.07.2021 година, во која се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје во врска со решението РСВЗГ бр.8/19 од 22.10.2019 година и неговата достава. Судскиот совет констатира дека постапувал по претставка УПП бр.08-116/1 од 08.02.2021 поднесена од истата подносителка во врска со истата правна работа, па подносителката е известена со Известување УПП бр.08-116/21 од 02.06.2021 година.Со оглед дека при повторното обраќање не се содржани нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување, Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истата, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

**Претседателот на Советот** на гласање ја стави претставката УПП.бр.08-370/21. По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-370/21** од 17.06.2021 година, поднесена до Владата на Република Северна Македонија, во која се изразува незадоволство од постапувањето на судии на Основен суд Гостивар и

Апелационен суд Гостивар во врска со предметите К бр.1055/20 (стар К бр.117/11, К бр.128/17 и К бр.313/18) и КЖ бр.56/20 (стар КЖ бр.206/16). Судскиот совет констатира дека постапувал по претставка УПП бр.08-46/1 од 15.01.2021 поднесена од истите подносители во врска со истата правна работа и подносителот е известен со Известување УПП бр.08-46/21 од 03.03.2021 година. Во претставката од 17.06.2021 година,повторно се истакнуваат исти наводи и не се содржани нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување, па Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истата, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Во продолжение **Претседателот на Советот**, збор даде на **членот на Советот Зоран Теофиловски** да ги изложи претставките.

Пред да пристапи кон реферирање на претставките **членот на Советот Зоран Теофиловски** истакна дека ја повлекува претставката УПП.бр.82/21.

Во продолжение ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот, **членот на Советот Зоран Теофиловски** по изложените претставки, (освен претставката УПП.бр.08-82/21 која е повлечена). Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-339/21** од 04.06.2021 година, препратена од Министерството за правда, па барање на Судскиот совет за дополнување на претставката, подносителот ја прецизира преставката во врска со незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје за предметот П1 бр.584/19 (нов број П1 бр.247/21) и извести дека е поднесено барање за поведување постапка за утврдување одговорност за конкретниот судија. По направени проверки се констатира дека подносителот на

претставката поднел барање за утврдување на одговорност заведено во Советот под бр.10-51/1 од 05.04.2021 година и согласно чл.63 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ е донесена Одлука за формирање Комисија на известители Бр.10-51/2 од 15.04.2021 година. Судскиот совет констатира дека претставката УПП бр.08-339/21 се однесува на истиот судија и за истата правна работа како во поднесеното барање за поведување на постапка за утврдување одговорност Бр.10-51/21, па со оглед дека по поднесеното барање е започнатата постапка пред Советот, најсоодветно е претставката да се затвори со службена белешка. **Претставка УПП бр.08-358/21** од 14.06.2021 година, во која се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Управен суд по предметот У2 бр.726/17, по изјавената жалба на пресудата како и постапувањето во врска со донесеното решение на Виш управен суд УЖ1 бр.832/19. Советот констатира дека со Известување УПП бр.08-118/21 од 20.04.2021 година подносителот е известен по однос на наводите од претставката. Претставката насловена како ургенција, заведена во Судскиот совет под УПП бр.08-358/1 од 14.06.2021 година, се однесува на прашања на кои веќе е одговорено на подносителот и во истата нема нови факти и околности кои не биле познати предходното, па согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, Советот утврди дека нема основ за повторно постапување по претставката, предметот се смета за завршен и истиот да се архивира. **Претставка УПП бр.08-379/21** од 21.06.2021 година, се однесува на незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот МАЛВП бр.375/21, МАЛВП бр.376/21, се наведува дека иако со тужбата бил поднесен и предлог за времена мерка по истата не било постапено итно како што е предвидено во законот. Се напоменува за повреда на правото на правично судење и заштитнички однос спрема тужениот, како и за неправилна примена на материјалното право. Советот констатира дека пред Основниот граѓански суд Скопје бил оформен предметот МАЛВП бр.375/21, МАЛВП бр.376/21, во врска со тужбата за долг со предлог за времена мерка поднесена од подносителот на претставката во својство на тужител. На барање на судот, тужителот бил задолжен да ја доуреди тужбата со предлогот согласно член 98 од Законот за парничната постапка бидејќи не ги содржела сите елементи за да може по истата да се постапува, со барање за доставување доказ за лична идентификација на тужителот, негово живеалиште и тековна состојба на тужениот. По извршеното уредување, судот закажал и одржал рочиште по предлогот и донел решение МАЛВП бр.375/21 и МАЛВП бр.376/21 од 26.04.2021 година со кое предлогот за определување на

привремена мерка да се забрани на тужениот располагање и празнење на тековните сметки на тужителот е одбиен како неоснован. Од страна на подносителот на претставката е изјавена жалба за која одлучувал Апелационен суд Скопје кој со решение ГЖ бр.2339/21 од 16.06.2021 година ја потврдил одлуката на првостепениот суд во врска со предлогот. По однос на тужбеното барање, постапката е во тек. Во претставката се содржани наводи поради кои може да се изјави жалба, но имајќи предвид да постапката пред Основниот граѓански суд Скопје не е завршена, подносителот треба да ја сочека првостепената одлука, со оглед да е одлучено само по предлогот за издавање на привремена мерка која одлука е потврдена од надлежниот повисок суд. **Претставка УПП бр.423/21** од 16.07.2021 година, се однесува за незадоволство од постапување на судија на Основен суд Берово по предметот ПРК-О бр.21/21 по однос на брзото решавање и изречената прекршочна санкција-опомена на обвинетиот. Подносителот наведува дека како инспектор по извршена контрола констатирал пренесување на дрва без потребна дозвола, па била изготвена потврда за привремено одземени предмети и била известена шумската полиција која поднела прекршочна пријава. Наведува дека од страна на судот не бил повикан како сведок во постапката, а има сомнежи за влијанија врз судијата за донесување на ваква одлука со која на сторителот му се враќа одземеното возило. Советот констатира дека по поднесено барање за сторен прекршок постапувал Основен суд Берово кој ја донел пресудата ПРК-О бр.21/21 од 09.07.2021 година со која е утврдено дека обвинетиот го сторил прекршокот по чл.69 ст.1 казнив по чл.104 ст.1 т.11 од Законот за шумите и изречена му е прекршочна санкција опомена, додека времено одземеното возило е вратено на сопственикот, а времено одземените предмети дрва се одземени во корист на РМ. Судот предвид околностите под кои е сторен прекршокот оценил дека не е неопходно да бидат сослушани предложените сведоци, меѓу кои и подносителот. Донесената пресудата ПРК-О бр.21/21 била уредно доставена до странките, не била обжалена и станала правосилна. Судијата во својата изјава напоменува дека во Основниот суд Берово за ваков вид на предмети постапувањето е приоритетно и во согласност со насоката дадена од Апелационен суд Штип по однос на предметите кои според Законот за шуми треба да се одземаат да се одлучува согласно Конвенцијата за заштита на човековите права и праксата на ЕСЧП, а при одлучувањето за одземање на возило особено се има предвид дали лицето е чест сторител, видот на возилото кое се користело за транспорт и вредноста на истото, како и намерата на сторителот.

Судскиот совет констатира дека претставката се однесува за предмет кој е правосилно завршен и дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција. **Претставка УПП бр.08-431/21** од 20.07.2021 година, подносителот изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Тетово во врска со предметот П4 бр.95/20 (стар број П4 бр.195/19). Советот констатира дека подносителот во својство на тужител поднел тужба со правен основ побивање на правни дејствија на должник, со барање да се утврди дека правното дејствие на должникот односно нотарскиот акт со кој должникот на тужениот му го подарува недвижниот имот го губи дејството спрема тужителот колку што е потребно за исполнување на неговото побарување, како и тужениот да се задолжи да трпи од вредноста на недвижниот имот во негова сопственост заради наплата на утврденото побарување на тужителот. Бил заведен предмет пред Основен суд Тетово и со пресуда П4 бр.195/19 од 04.12.2019 година тужбеното барање е одбиено како неосновано. По изјавена жалба, Апелациониот суд Гостивар со Решение ГЖ бр.223/20 од 22.04.2020 година одлучил изјавената жалба да ја уважи и да ја укине првостепената пресуда. Од страна на Основен суд Тетово при повторното одлучување е донесена пресуда П4 бр.95/20 од 29.06.2020 година со која тужбата на подносителот е одбиена како неоснована. Судечкиот совет на Апелациониот суд Гостивар со пресуда ГЖ бр.810/20 од 29.04.2021 година жалбата на тужителот ја уважил, а пресудата П4 бр.95/20 ја преиначил и пресудил дека се усвојува тужбеното барање и се утврдува дека правното дејствие на должникот го губи дејството спрема тужителот во дел потребен за исполнување на побарувањето, оценувајќи дека фактичката состојба е правилно и целосно утврдена од првостепениот суд но бил донесен погрешен заклучок, а со тоа и погрешно било применето материјалното право. Во претставката не се наведуваат конкретни наводи за нестручно и несовесно постапување на судијата, а по однос на одлуките кои се донесени од судијата на првостепениот суд од кои останал незадоволен подносителот, биле изјавени жалби и наводите содржани во истите биле разгледани и оценети од надлежниот Апелационен суд Гостивар кој при повторното постапување донел одлука за конкретното тужбено барање и тоа во корист на подносителот, а воедно постапката е правосилно завршена.

Пред да даде збор на наредниот известител да ги изложи претставките **Претседателот на Советот** констатира дека **членот на Советот Весна Дамева** ја напушти седницата**.**

**Претседателот на Советот** му даде збор на наредниот известител, **членот на Советот Хниф Зендели** да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **Ханиф Зендели** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.213/21** - Подносителот во претставката посочува на повреда на Уставот, законите и меѓународните договори од страна на судија на Основниот граѓански суд Скопје во врска со постапка ТС-517/14, бидејќи Врховниот суд на РСМ донел решение ПСРРГ-100/19 од 23.12.2019 година со кое утврдил повреда на правото на судење во разумен рок по посочениот предмет. Во решението бил определен рок од 1 месец од денот на приемот на решението, судот да одлучи по барањето на тужителот, но и по 14 месеци судијата сеуште не одлучил. Во прилог е доставено и решението на кое подносителот се повикува.Советот во рамките на законските надлежности и овластувања презеде потребни извиди, ги зеде предвид наводите изнесени во претставката од подносителот, како и изјавата на судијата по што го констатира следното:Судијата во изјавата појаснува дека решението на Врховниот суд на РСМ, ПСРРГ-100/19 од 23.12.2019 година по содржината одговара на податоците од предметните списи, но во списите на предметот такво решение немало. Во изјавата е дадена хронологија на настаните од процедурален карактер. Првично судот ја отфрлил тужбата на тужителот со решение од 26.11.2013 година, кое станало правосилно на 18.12.2013 година.Со решение од 26.11.2014 година судот го одбил предлогот на предлагачот за повторување на постапката бидејќи нашол дека содржината на предлогот има карактер на жалбени наводи и предметот го доставил до АС Скопје, кој го вратил предметот наоѓајќи дека не станува збор за жалба, туку за предлог

за закажување на рочиште. Потоа следело барање за изземање на судијата, по што пак судијата продолжил со работа по предметот. Согласно укажувањата од повисокиот суд судот донел решение со кое постапката се завршува, правосилно на 05.12.2014 година. Одлучувајќи по предлогот на тужителот, расправата да се преотвори по предлогот за повторување на постапката, судот донел решение на 14.10.2015 година со кое го отфрлил предлогот, правосилно на 27.11.2015 година. Повторно барањето за изземање на судијата од страна на претседателот на судот бил одбиено со решение, по што предметот бил доставен до Врховниот суд по барање на тужителот за заштита на правото на судење во разумен рок, кое барање било отфрлрно како ненавремено со решение ПСРРГ-7/16 од 12.05.2016 година. Подоцна, на 25.05.2017 година било донесено ново решение ПСРРГ-199/16 со кое барањето било одбиено како неосновано. Предметот неколку пати бил праќан во ОЈО поради доставувани пријави против судијата. По барање на тужителот за Врховниот суд донел решение ПСРРГ-128/17 од 16.10.2018 година со кое барањето го отфрлил, потоа со решение ПСРРГ-128/18 од 27.05.2019 година барањето било отфрлено како недозволено, а со решение ПСРРГ-96/19 од 08.06.2020 година, барањето повторно било отфрлено. Потенцира дека од нејзина страна се преземени сите дејствија согласно закон и дека не постои основ за преземање на било какви дополнителни дејствија во постапката, така што нема ни основ да биде во состојба да повреди некое право на тужителот-предлагачот. По оценка на Советот, од страна на судијата биле преземани дејствија во континуитет, предметот бил предмет на оценка и од страна на Апелациониот суд Скопје, барањата до Врховниот суд за заштита на правото на судење во разумен рок биле отфрлани, а последното решение не било во списите на предметот и судијата не е запозната со содржината на истото поради што и немала можност да постапи.Врз основа на погоре изнесеното Советот смета дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата која постапувала по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.244/21 -** Подносителот изразува незадоволство поради постапувањето на судија на Основен кривичен суд Скопје за која тврди дека повеќе од пет расправи барала од него да се спогодува со обвинетите, дека го поместила терминот за расправа без да го извести за тоа, дека на неговиот адвокат не му биле дадени записници, дека судијата му се заканувала дека ќе повика полиција бидејќи тој прашал зошто се оддолговлекува судењето повеќе од 2 (две) години. Посочува дека судијата на расправата побарала предмет од друго лице, кое

воопшто не е странка во постапката.Советот во рамките на законските овластувања спроведе потребни извиди и прибави изјава од судијата која постапувала по конкретниот предмет. Судијата во изјавата појаснува дека веднаш по добивање на предметот, истиот бил насрочен, по што биле одржани повеќе рочишта. На главната расправа на 05.03.2020 година приватниот тужител и неговиот полномошник не се јавиле на истата, уредно викани, па судот донел решение со кое ја запрел постапката согласно член 63 став 1 од ЗКП. Во законски предвидениот рок полномошникот на приватниот тужител поднел жалба против решението, кое било укинато од страна на Апелациониот суд Скопје. По укинувањето на решението судијата закажала главна расправа, која расправа била одложена неколку пати од оправдани причини. На ден 23.11.2020 година била одржана главна расправа, истата продолжила со отпочнување одново поради протек на 90 дена, па истата започнала и се одржала на ден 22.02.2021 година, а продолжила на 29.03.2021 година. После испитувањето на обвинетите, читањето на материјалните докази на ден 06.04.2021 година биле дадени и завршни зборови за кривично - правниот настан и била донесена пресуда со која обвинетите се ослободуваат согласно член 403 ст. 1 т. 1 од ЗКП, бидејќи делата за кои обвинетите се обвинети не се кривични дела според закон. Против пресудата е изјавена е жалба од страна на приватниот тужител и предметот е во фаза на доставување по жалбата. Посочува дека наводите изнесени во претставката се паушално наведени на некој начин навредувачки, лажни фрази и тафтологии изнесени на хартија од страна на приватниот тужител, а во позадина се всушност од неговиот полномошник. Како судечки судија постапувала исклучително одговорно и согласно законот. Напоменува дека странките не побарале снимање на главната расправа за да се увиди вистинската слика. Категорично тврди дека не постои вина на нејзина страна за работењето по конкретниот предмет.Во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Во конкретниот случај предметот е во фаза на жалбена постапка и треба да се сочека исходот од истата, а наводите на подносителот се паушални и непоткрепени, па по оценка на Советот нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на

судијата која постапувала по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.330/21** - Подносителот изразува незадоволство поради постапувањето на судија на Основен суд Охрид бидејќи судијата не констатирала смрт на една од странките, не ја прекинала постапката спротивно на чл.200 од ЗПП, дека презела парнични дејствија спротивно на чл.202 од ЗПП, со закажување на рочиште за главна расправа постапила спротивно на чл.203 од ЗПП, како и спротивно на чл.343 т.7 од ЗПП, на некоја странка со незаконито постапување, а особено со пропуштање на сдоставување не и е дадена можност да расправа пред судот, (во случајот на наследниците на покојната). Советот во рамките на законските овластувања, а имајќи ги предвид наводите во претставката, спроведе потребни извиди и прибави изјава од судијата која постапувала по конкретниот предмет.Во изјавата судијата појаснува дека на рочиште од 25.05.2021 година констатирала дека на 07.05.2021 е примен поднесок од првотужената (подносителката) со кој истата го известила судот дека на 29.03.2021 година починала тужената В. С. и предложила прекин на постапката. Заради проверка на ваквата околност судот со писмен допис од 10.05.2021 година се обратил до Министерство за правда УВМК Подрачно одделение Скопје, кое барање од нивна страна било примено на 12.05.2021 година. Од вратената повратница било видно дека тужената В. С. ја примила поканата лично за рочиштето од 26.04.2021 година, поради што судијата го одржала рочиштето. Во тој момент немало официјален доказ за смртта на тужената В., а од друга страна на вратената повратница било наведено дека истата ја примила поканата лично и тоа на датум после датумот кој бил наведен како датум на смртта. Полномошникот на второтужениот доставил извод од МКУ од кој се утврдило дека тужената починала на 29.03.2021 година, а на 09.07.2021 година и од страна на Министерството за правда УВМК Подрачно одделение Скопје било доставено известување за смртта на тужената. Во конкретниот случај судијата на денот на одржаното рочиште немала доказ за смртта на тужената В., поради што го одржала рочиштето, но поради новонастаната околност и откако бил доставен доказ за смртта на покојната, судијата посочува дека ќе ја прекине постапката согласно одредбите од Законот за парнична постапка. Врз основа на сето погоре изложено, по оценка на Советот нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата која постапувала по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.351/21 -** Подносителот (како тужител во постапката) изразува незадоволство поради оддолговлекување на истата по

работен спор, за повреда на права од работен однос, за кој посочува дека дека е од итен карактер, а сепак истиот се презакажува на многу долги временски интервали. Поради неправилна одлука на тужениот, посочува дека скоро две години останал без работа.Советот во рамките на законските надлежности спроведе потребни извиди и прибави изјава од судијата. Од изјавата на судијата произлегува дека по предметот биле закажани вкупно седум рочишта, едно рочиште било одложено поради тоа што полномошникот на тужителот побарал дополнително да се произнесе по докази приложени од полномошникот на тужителот, две рочишта биле одложени поради оправдано отсуство на судијата поради користење на мерки за заштита од вирусот и боледување. На подготвителното рочиште од 25.09.2020 година прифатени биле предлозите на полномошниците на странките за распит на странки и сослушување на сведок, подоцна било закажано рочиште за 17.12.2020 година (кое било одложено поради оправдано отсуство на судијата). Рочиштето од 25.03.2021 година било одложено поради обезбедување судски преведувач бидејќи присутниот сведок не го разбирал доволно македонскиот јазик, на наредното рочиште судот не обезбедил присуство на судски преведувач поради користење на годишен одмор на двајца судски преведувачи, а други двајца не можеле да присуствуваат од оправдани причини и рочиштето било одложено за 11.11.2021 година. Судијата како причина за закажување на рочиштата на подолги врменски интервали го посочува големиот прилив на предмети и големиот број на предмети што го има секој судија во одделот за работни односи. Советот оцени дека по конкретниот предмет во континуитет се закажувани рочишта од страна на судијата, немало застој во постапувањето, рочиштата биле одлагани поради објективни околности, а не по вина на судијата. Врз основа на погоре изложеното Советот најде дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата која постапувала по предметот, поради што претставката е неоснована.
**Претставка УПП бр.377/21 -** Наводите на подносителот (тужен во постапката) се во насока дека образложението на пресудата на второстепениот суд е контрадикторно со изведените докази во постапката, особено во делот на изведен доказ супервештачење од Бирото за судски вештачења и дополнување на истото. Смета дека второстепениот суд одлучувајќи по жалбата на тужениот „различно“ ги читал доказите изведени во текот на постапката од тоа како истите се напишани. Посочува дека последица на наведување на неточни факти е тоа да наместо утврдена штета по дополнување на супервештачење судот го задолжил тужениот да надомести штета

која во наведениот износ реално не постои. Советот во рамките на законските надлежности и овластувања презеде потребни извиди, ги зеде предвид наводите изнесени во претставката од подносителот, по што го констатира следното: Видно од приложената пресуда на второстепениот суд дадени се доволно образложени причини за решителните факти, а по однос на редоследот на обраќање за обезбедување на докази помеѓу Бирото за судски вештачења и надлежното Министерство не постои контардикторност, туку навидум „разлика“ бидејќи има и дополнително вештачење. Штетата не е нереална бидејќи истата била утврдена во изготвеното супервештачење на вешти лица од Бирото за судски вештачења. Во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Врз основа на погоре изнесеното Советот смета дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судиите кои постапувале по предметот, во случајот постапката е правосилно завршена, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.386/21** - Во случајот наводите на подносителката (како тужена во спорот) се во насока на оспорување на фактичката состојба по однос на начинот на стекнување на сопственост од страна на тужителката, при што посочува дека тужителката чекала цели 18 години да поминат, па дури сега откако починале и нивните сопрузи – инаку браќа, таа покренала постапка за утврдување право на сопственост. Имено, пресудата на првостепениот суд е потврдена, а жалбата на тужената е одбиена како неоснована од страна на второстепениот суд. Второстепениот суд го прифатил како неспорен фактот кога првостепениот суд утврдил дека странките со нивнисте сопрузи постигнале усмен договор со кој било предвидено од СИЗ за становање на град Скопје да купат заеднички деловен простор, така што тужителката постапила во склад со усниот договор и за сметка на тужената, во својство на купувач ја платила купопродажната цена на продавачот, а кое неспорно се докажало со приложените докази. Во случајот станува збор за жалбени наводи кои биле предмет на оценка од страна на второстепениот суд, постапката е правосилно завршена, а судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон, согласно член 13 од Законот за судовите. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да

преиспитува, менува или укинува судски одлуки. По оценка на Советот нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата која постапувала по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.402/21 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од судија на Основен суд Штип за кој смета дека поклонил верба само на исказот на оштетениот кој давал контрадикторни изјави, дека судијата се однесувала неодговорно и недолично, со потсмев кон него бидејќи не го познавал оштетениот, повикала судска полиција и го избркала од судницата поради таквата изјава. Укажува на контрадикторност во записникот по однос на денот на случување на настанот и лицето кое учествувало во истиот. По поднесена жалба против пресудата на првостепениот суд била изјавена жалба која е одбиена како неоснована од страна на второстепениот суд, во случајот Апелациониот суд Штип, така што првостепената пресуда е потврдена. Подносителот имал можност наводите изнесени во претставката да ги изнесе и во жалбената постапка, така да да станува збор за жалбени наводи кои биле предмет на оценка од повисок суд. Во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. По оценка на Советот нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата која постапувала по предметот, поради што претставката е неоснована. Постапувајќи по претставката под **УПП бр.410/21** од 12 и 13.07.2021 година, Судскиот совет на седницата одржана на ден 26.08.2021 година констатира дека со известување УПП.бр.08-367/19 и УПП.бр.560/19 од 14.07.2020 година, подносителот на претставката е известен за наводите од истата.Со оглед на тоа дека новата претставка се однесува на прашања на кои веќе е одговорено на подносителот на претставката и во истата нема нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување – претходната претставка, Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истата.Поради изнесеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира предметот да се смета за завршен и истиот да се архивира.

Во продолжение **Претседателот на Советот** му даде збор на наредниот известител, **членот на Советот Гордана Спиреска** да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

**Членот на Советот Гордана Спиреска** ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

По однос на претставката УПП.бр.08-332/21 **членот на Советот Гордана Спиреска** побара координаторот за работата на Апелациониот суд Битола да ја провери околноста дали е сторена грешка при заведување на предметот и дали тоа е од значење по однос на законитоста на одлуката која ја донел овој суд.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **Гордана Спиреска** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За" е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-414/20** од 02.11.2020, 27.05.2021 и 01.06.2021 година, во врска сопредметот К бр.1124/19 на Основен кривичен суд Скопје, дека постапката од страна на судијата е водена пристрасно, со намерно повредување на правилата за правично судење, како и злоупотреба и пречекорување на службените овластувања. Се дополнува и за постапувањето на судечкиот совет на Апелационен суд Скопје по предметот КЖ бр.799/20 по изјавена жалба дека постапиле нестручно и несовесно и не се произнеле по жалбените наводи што се од суштинско значење за утврдување на фактичката состојба.Претставка со исти наводи е доставена и од страна на Владата на Република Северна Македонија. Во изјавата судијата кој постапувал во конкретниот предмет појаснува дека постапката е завршена со пресуда К бр.1124/19 од 09.06.2020 година со која обвинетиот е огласен за виновен за сторено кривично дело-Злоупотреба на службената положба и овластување и изречена е алтернативна мерка условна осуда. Постапката била спроведена непристрасно и објективно, со целосно почитување на законските норми од процесен и материјален карактер, за што потврда е што по изјавена жалба Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ бр.799/20 од

02.03.2021 година ја потврдил првостепената пресуда, а ја преиначил единствено во делот на правната квалификација. Видно од наводите во претставката се работи за предмет чија постапката е правосилно завршена, а наводите изнесени во претставката како жалбени наводи веќе биле предмет на оценка од страна на надлежниот повисок суд. **Претставка УПП бр.08-130/21** од 15.02.2021 година, за постапувањето на судија на Основниот суд Охрид и двајца судии на Апелациониот суд Битола во постапката за утврдување право на сопственост каде подносителоте тужител и незадоволство од одлуката за одбивање на тужбеното барање, високо определената вредност на спорот и нејасно утврдениот статус на две странки кои дополнително се приклучиле во постапката како тужителите, како и одлуката во врска со трошоците во постапката за кои одлучувале Основниот суд Охрид и Апелациониот суд Битола. Во известување на Основниот суд Охрид судијата појаснува дека по предметот предходно постапувале други двајца судии, образложува дека судот постапил правилно и во согласност со чл.188 од ЗПП кога одлучил да се води единствена постапка по тужбата на тужителот и по тужбата на замешувачите бидејќи предмет на спор е ист недвижен имот и се работи за нужни сопарничари. Вредноста на спорот е определена од првостепениот суд кога било прифатено да се води единствена постапка, согласно чл.33 од ЗПП бидејќи во конкретниот случај тужбеното барање се однесува на сопственички спор. По однос на трошоците во постапката, доколку не било одлучено за трошоците во делот во кој подносителот успеал спрема тужителите-замешувачите било потребно да поднесе барање за да се донесе одлука од првостепениот суд. Во известувањето на Апелациониот суд Битола е наведена хронологија на постапувањето по предметот, второстепениот суд одлучувал по изјавените жалби и во своите одлуки дал детални образложенија за одлученото, а во делот на недосудените трошоци според успехот на спорот спрема тужителите-замешувачите надлежен е да одлучува единствено првостепениот суд. Од изнесеното, постапката по однос на тужбеното барање е правосилно завршена, па првостепената пресуда П1 бр.31/17 од 21.01.2019 година е потврдена со одлука на Апелациониот суд Битола ГЖ бр.793/19 од 04.07.2019 година. По однос на главното тужбено барање поднесена е ревизија и предметот е на одлучување пред Врховниот суд на РСМ, па потребно е да се сочека на нивна одлука. По однос на делот за трошоците, по предметот постапувал повторно Основниот суд Охрид кој донел решение П1 бр.31/17 од 29.10.2019 година согласно кое го задолжил тужителот за трошоците, а второстепениот суд со решение ГЖ бр.2403/19 од 11.03.2020 година ја преиначил првостепената одлука и го задолжил тужителот и на дополнителни трошоци, покрај веќе досудените. **Претставка УПП**

**бр.08-140/21** од 17.02.2021 година, за постапувањето на судија на Основниот граѓански суд Скопје и судии на Апелациониот суд Скопје и незадоволство од донесените одлуки П2 бр.955/19 и ГЖ бр.3505/20. Подносителот смета дека судијата постапила несовесно кога ги испратила со нејзин потпис списите на предметот до Апелациониот суд Скопје во време кога не бил поминат предвидениот рок за давање одговор на жалба, а неведува за сомнеж во врска со итното решавање од страна на второстепениот суд. Со пресуда П2 бр.955/19 од 07.10.2020 година првостепениот суд одлучил по тужбата за развод на брак и доверување на малолетните деца, со задолжениена подносителот за плаќање месечна издршка, на која одлука биле изјавени жалби од странките преку своите полномошници на 06.11.2020 година и 10.11.2020 година. Списите на предметот биле доставени на Апелациониот суд Скопје на ден 18.12.2020 година и судечкиот совет по предметот донел одлука ГЖ бр.3505/20 од 24.12.2020 година, со која ја потврдил првостепената одлука.Од изнесеното, постапувањето во конкретниот предмет е со оглед на неговиот итен карактер, а согласно чл.182 ст.5 од СД каде е предвидено дека во парничната постапка првенствено се земаат во работи предметите во врска со законското издржување и други видови предмети кои согласно закон имаат итен карактер. Одговорот на жалба, дополнението на одговор на жалба поднесен од полномошникот на спротивната страна и поднесокот во врска со дополнението на одговорот на жалба поднесени до првостепениот суд се доставени до надлежниот Апелационен суд Скопје и од страна на судечкот совет е донесено дополнително решение ГЖ бр.3505/20 од 04.03.2021 година. Од горенаведеното, наводите содржани во претставката како жалбени наводи биле предмет на анализа и оценка од страна на надлежен суд. **Претставка УПП бр.08-182/21** од 10.03.2021 година, за постапувањето на судии на повеќе кривични совети во Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд, се наведува дека постојат неправилности при определувањето на мерката куќен притвор бидејќи против истото лице во важност се две конкрадикторни решенија донесени од ист суд, решение со кое се укинува постоечкиот притвор и решение со кои се утврдува нов притвор. Се посочува дека во конкретниот случај не бил даден предлог од странката, ниту е поминат периодот од 30 дена по правосилноста на решението со кое е изречен притвор за да може судот по службена должност да испитува дали постојат основи за продолжување на мерката притвор. Се дополнува дека цитираните причини по однос на сомнежот дека наводно постојат околности кои укажуваат на сериозна опасност од бегство не се околности, туку елементи на кривично дело за кое се води кривична постапка. Се

напоменува дека за конкретниот предмет предходно од страна на обвинителството била предложена определување на мерка на претпазливост, која од страна на судот не е прифатена, за сега истиот кривичен совет да одлучи за определување на построга мерка. Се апелира да се обезбедат минимум стандарди за водење на судските постапки и се бара Советот да преземе дејстивија во рамките на своите законски надлежности. Во доставената изјава на судијата претседател на кривичен совет по однос на решението КСП-КОК бр.46/21 се наведува дека по испитување на околностите е утврдено дека е потребно мерката притвор против обвинетото лице да биде продолжена, вака донесеното решение било обжалено со истакнување на предлог за одржување на јавна седница пред Апелациониот суд Скопје, кој со решението КСЖ бр.68/21 од 22.02.2021 година го потврдил решението на кривичниот совет. По однос на останати решенија наведени во претставката КСП КОК бр.58/21 и КСП КОК бр.60/21 по извршен увид е констатирано дека се предмети оформени за други обвинети лица. Судијата не се согласува со наводите по однос на примената на чл.172 од ЗКП, посочувајќи дека во конкретниот случај се работи за најстрога мерка за обезбедување на присуство со притвор, па судот особено внимава по службена должност на околностите кои влијаат на продолжување или укинување на мерката притвор и потребно е да се земат предвид и останатите законски одредби од тој контекст, особено одредбата содржана во чл.164 од ЗКП во која е определена нужноста од најкратко траење на мерката притвор. На ваков начин постапувале сите кривични совети во судот и секогаш времетраењето на притворот се определува на најкратко нужно време. Судскиот совет констатира дека во претставката се содржани општи наводи во врска со постапување на судии на Основниот кривичен суд Скопје по предмети за конкретното обвинето лице и во истата не се укажува кои недоследности се сторени од кој судија. Наводите содржани во претставката претставуваат жалбени наводи, наведените решенија подлежат на правото на жалба и истите по спроведена анализа и оценка биле предмет на одлучување од повисок суд.Судскиот совет ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судовите и не може да се меша во донесувањето на одлуките од судовите. **Претставка УПП бр.08-197/21** од 18.03.2021 година, во која се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје во врска со предметот П4 бр.216/18, а поради долгото траење на постапката. Со поднесок од 14.06.2021 година, подносителот на претставката го извести Советот дека ја повлекува претставката со образложение дека постапката пред првостепениот суд е завршена со пресуда П4 бр.216/18 од 10.06.2021 година. Со

оглед дека во конкретниот случај подносителот на претставката поднел барање за нејзино повлекување, Советот нема да постапи по претставката и најсоодветно е истата да се архивира. **Претставка УПП бр.08-243/21** од 09.04.2021 и 08.06.2021 година, препратена од страна на Врховниот суд на РСМ, за постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот МАЛВП бр.402/18, во постапка каде подносителот се јавува во својство на тужена страна. Се наведува дека не била дадена можност да се докаже дека тужителите дале лажни искази, а воедно иако постапката по жалба за спојување на тужбата со противтужбата не била завршена, судијата ја заклучил расправата и донел одлука. Се дополнува дека се поднесени барања за враќање во поранешна состојба од 22.03.2021 година и 18.05.2021 година. Во изјавата судијата наведува дека на рочиштето за главна расправа од 18.03.2021 година бил изведен доказ со распит на тужителите на што не се противел полномошникот на тужениот, а по заклучување на главната расправа и закажување на рочиште за објава на одлука за 26.03.2021 година, во меѓувреме, на 22.03.2021 година бил поднесен предлог за враќање во поранешна состојба за што судот одлучувал со формално решение заедно со одлуката за главната работа МАЛВП бр.402/18 од 26.03.2021 година. Постапката била спроведена согласно одредбите од процесниот закон, водејќи грижа постапката да заврши во разумен рок со што помалку трошоци. По однос на изјавената жалба против решението со кое не е прифатено спојување на постапката по поднесена противтужба се наведува дека по истото постапува друг судија. Од изнесеното, се работи за предмет кој е во фаза на жалбена постапка и наводите од претставката како жалбени наводи ќе бидат ценети од надлежниот Апелационен суд Скопје и од тие причини потребно е да го сочекате исходот од постапката по изјавената жалба. **Претставка УПП бр.08-253/21** од 16.04.2021 година,за незадоволство од постапувањето на судија на Апелациониот суд Битола поради донесената одлука ГЖ бр.826/20 и решението ГЖ бр.1380/20 со кое се потврдува одлуката на првостепениот суд, во врска со постапка за смеќавање на владение, каде подносителоте тужен. Се наведува дека постапувањето на судијата е тенденциозно, сторени се суштествени повреди во постапката и погрешно е применето материјалното право. Во изјавата судијата напоменува дека при постапувањето во конкретниот предмет врз основа на сите докази изведени во текот на постапката, од страна на судечкиот совет е одлучено да се уважи жалбата на тужителот и првостепеното решение П1 бр.184/19 на Основен суд Прилеп да се преиначи и да се одлучи дека тужбеното барање се усвојува, а причините се детално образложени во второстепената одлука ГЖ бр.826/20 од 14.07.2020 година. Апелациониот суд Битола постапувал

и по жалбата против одлуката на првостепениот суд да ја отфрли изјавената ревизија од подносителот како недозволена, но со решение ГЖ.бр.1380/20 од 26.11.2020 година е одлучено да се потврди одлуката на Основниот суд Прилеп, од причини што ревизијата не е дозволена против решенија за смеќавање на владение, согласно чл.414 ст.4 од ЗПП.Се напоменува дека одлуките во второстепениот суд секогаш се носат во совет, па така и споменатите одлуки се донесени едногласно од сите членови на судечкиот совет кој постапувал по наведените предмети. Од наведеното произлегува дека се работи за предмет по кој постапката е правосилно завршена, а наводите изнесени во претставката како жалбени наводи биле предмет на оценка од страна на надлежниот суд. **Претставка УПП бр.08-268/21** од 22.04.2021 година, доставена од ДКСК, а по оформен предмет од нивна страна по поднесена пријава од страна на подносителката во врска со незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Охрид по предметот П2 бр.40/19. Судскиот совет по спроведени проверки констатира дека од страна на подносителката е поднесена претставка до Советот заведена под УПП.бр.08-104/20 од 25.02.2020 година и подносителката е известена со Известување УПП.бр.08-104/20 од 25.11.2020 година. Со оглед дека Советот веќе постапувал по претставка во врска со исти наводи и за истата правна работа, а во новоподнесената претставка не се наведени нови факти или околности, претставката да се затвори со службена белешка предвид чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози. **Претставка УПП бр.08-278/21** од 27.04.2021 и 14.05.2021 година, во врска со постапување на судии на Основен граѓански суд Скопје и Апелационен суд Скопје, за незадоволство од доставеното известување на Судскиот совет во врска со предходно поднесена претставка УПП бр.08-487/20. Се дополнувате и за незадоволство од постапката по друг предмет, за донесената одлука П4 бр.56/18 на Основен граѓански суд Скопје која по изјавена жалба била потврдена од страна на Апелационен суд Скопје со одлука ГЖ бр.3551/19. Се наведува и за непостапување на претседателот на судот, а во врска со поднесените барања за повторување на судските постапки каде подносителоте тужен, а тужител е БЕГ Скопје. Од изнесените наводи по однос на Известувањето УПП бр.08-487/20 од 19.02.2021 година на Судскиот совет, не се изнесуваат нови факти и околности, а Советот постапувал по претставка во врска со исти наводи и за истата правна работа, па во тој дел претставката се смета за завршена предвид чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози. По однос на останатите наводи, произлегува дека на пресудата П4 бр.56/18 од 28.01.2019 година на Основен граѓански суд Скопје со која тужбеното

барање се одбива како неосновано била изјавена жалба и по истата постапувал Апелациониот суд Скопје. При постапувањето наводите кои се изнесуваат во претставката биле ценети од повисокиот суд како жалбени наводи и донесена е пресуда ГЖ бр.3551/19 од 11.11.2020 година со која првостепената пресуда е во целост потврдена. Во врска со барањата за повторување на судските постапки поднесени до Основниот граѓански суд Скопје, претседателот на судот не постапува по конкретни предмети ниту ја одредува временската рамка за постапување од причина што секој судија одлучува за предметите кои му се доделени во работа, па Советот оцени дека наводите изнесени во претставката се дадени паушално и истите не се поткрепени со докази. **Претставка УПП бр.08-308/21** од 14.05.2021 година, за постапувањето на Врховниот суд на РСМ во врска со поднесено барање за судење во разумен рок на ден 25.01.2021 година дека по истото не е постапено и дека на ваков начин се цели кон застарување на предметот. По наводите извршени се дополнителни проверки, се работи за предмет заведен во Врховниот суд на РСМ ПСРРК бр.5/21 за повреда на правото на судење во разумен рок, предметот е распределен кај судија известител кој побарал уредување на барањето и во меѓувреме побарани се на увид списите на предметот К бр.93/20 на Основен суд Битола и предметот КО бр.147/17 на ОЈО Битола. Видно од горенаведеното, Судскиот совет оцени дека постапката пред Врховниот суд е во тек, по истата се постапува и се прибираат потребните информации и податоци заради донесување на одлука, што е во согласност со чл.36 од Законот за судовите. **Претставка УПП бр.08-317/21** од 19.05.2021 година, во врска со постапувањето на Основен суд Тетово, се укажува дека и покрај Известувањето УПП.бр.08-179/21 од 20.04.2021 година на Судскиот совет, од страна на Основен суд Тетово не е постапено по поднесеното барање за враќање на патната исправа иако согласно одлуката К бр.453/19 на Основен суд Тетово која е потврдена со пресудата на Апелационен суд Гостивар КЖ бр.58/20, обвинетите се ослободени, а мерките за обезбедување на присуство -одземање на патни исправи се укинати. По однос наводите од претставката, Претседателот на судот известува дека е постапено по барањето и на ден 02.06.2021 година е составен записник КС КР бр.251/20 и КООА бр.22/18 за извршено враќање на патните исправи по однос на кривичниот предмет К бр.453/19 и извршено е примопредавање на исправите на адвокат Ибрахим Бајрами. Со оглед дека од страна на Основниот суд Тетово е постапено по барањето содржано во преставката, понатамошното постапување по истата е беспредметно. **Претставка УПП бр.08-323/21** од 27.05.2021 година, во врска со постапувањето на Основен кривичен суд Скопје, се напоменува дека

против решението ПРК-С бр.9047/19 од 10.07.2020 година на Основен кривичен суд Скопје, а поради незадоволство од висината на досудените трошоци во постапката кои се спротивни на тарифата за награда и надоместок на торшоците на адвокатите, била поднесена жалба по која судот сеуште нема одлучено. Судијата во својата изјава неведува дека жалбата на решението ПРК-С бр.9047/19 од 10.07.2020 година на Основен кривичен суд Скопје е примена во судот на ден 27.07.2020 година. Поради поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок, предметот ПРК-С бр.9047/19 со сите списи бил доставен до Врховниот суд на надлежно постапување на ден 20.07.2020 година. Врховниот суд на РСМ го донел решението ПСРРК бр.21/20 од 21.09.2020 година со кое барање го одбива како неосновано. Предметот ПРК-С бр.9047/19 бил вратен во Основниот кривичен суд Скопје на ден 29.06.2021 година, по што изјавената жалба е доставена на одлучување до кривичниот совет на Основниот кривичен суд Скопје. Од наведеното во известувањето, Судскиот совет оцени дека постапувањето на судијата е предвид законските овластувања и тоа што не е одлучено по жалбата подолг временски период воопшто не е по вина на судијата. **Претставка УПП бр.08-332/21** од 31.05.2021 година, која се однесува на незадоволство од постапувањето на Апелационен суд Битола по однос на заведување на предмет во погрешен уписник. Во претставката се наведува дека судечкиот совет на Апелационен суд Битола во конкретниот предмет постапувал по предметот ГЖ бр.169/21 како во конкретниот случај да станува збор за граѓански спор, наместо стопански спор, што довело да постапува непрописно составен судечки совет, а е повредено правото на фер и праведено судење. Судскиот совет постапувал по претставка доставена од подносителот за исто постапување на Апелациониот суд Битола по друг предмет меѓу истите странки и по спроведени анализи Советот во Известувањето УПП бр.08-302/20 од 12.01.2021 година констатирал дека наводите кои се однесуваат на погрешно заведување на предмет се основани. Судскиот совет утврди дека во конкретниот случај по изјавена жалба на пресудата ПЛ1-ТС бр.31/20 на Основен суд Прилеп во Апелационен суд Битола е заведен предметот ГЖ бр.169/21, односно е направено заведување од предмет заведен како стопански спор во првостепениот суд, во уписник на предмети во граѓански спорови во второстепениот суд. Со оглед дека Судскиот совет веќе донел одлука за иста работа, Советот констатира дека претставката во делот на погрешното заведување на предмет во уписник ГЖ наместо во уписник ТСЖ е основана и за истото да се запознае координаторот за следење на работата на Апелационен суд Битола. **Претставка УПП бр.08-344/21** од 07.06.2021 година, за постапување на судија на Основен суд Куманово по

тужбеното барање за надомест на причинета материјална штета за одземен недвижен имот поранешна сопственост на правен предходник, каде подносителот се јавува како еден од тужителите.Се наведува дека со пресудата П4 бр.69/18 дополнително бил задолжен да доплатипоголем износ за судските такси и по донесување на одлуката со која тужбеното барање е одбиено како неосновано и бил задолжен да ги надоместите процесните трошоци од парничната постапка, со што судијата постапил спротивно на закон. Видно од наводите во претставката, со пресудата П4 бр.20/20 од 19.06.2020 година на Основен суд Куманово тужбеното барање е одбиено како неосновано, тужбеното барање од останатите тужители се смета за повлечено согласно чл.183 ст.2 од ЗПП, а за трошоците во постапката се задолжени тужителите солидарно да ги надоместат на тужената страна. Во образложението на одлуката е појаснето дека одлученото е во согласност со дадените напатствијата на Апелационен суд Скопје содржани во одлуката ГЖ бр.2010/19. Во конкретниот предмет вредноста на спорот бил утврдена согласно проценка на вешти лица проценители, па судијата согласно утврдениот износ на вредност на спорот, почитувајќи ги одредбите од ЗПП и Законот за судските такси ја определил и висината на процесните трошоци. Постапката по предметот е правосилно завршена, а наводите содржани во претставката како жалбени наводи биле ценети од Апелациониот суд Скопје кој со пресуда ГЖ. бр.3496/20 од 12.05.2021 година во целост ја потврдил одлуката на првостепениот суд. **Претставка УПП бр.08-356/21** од 14.06.2021 година, во врска со постапувањето на судија на Основен суд Прилеп по предметот П1 бр.157/19, се наведува за непрофесионално постапување на судијата, неосновано одбивање на барањето за одложување на расправа, како и за попречување жалбата изјавена од подносителот да биде доставена до Апелационен суд Битола. Во својата изјава судијата дава детален хронолошки опис на сите преземени дејствија од негова страна во постапувањето по предметот П1 бр.157/19 по поднесена тужба со правен основ утврдување повреди на право на сосопственост, со аргументирани образложенија по однос на секој закажана расправа, одржана и одложена, со причините за нивно одлагање. Постапката пред Основниот суд Прилеп е завршена со пресудата П1 бр.157/19 од 13.04.2021 година со која тужбеното барање е одбиено како неосновано. Судијата наведува дека пресудата е доставена до тужителката, а изјавената жалба по извршеното уредување од страна на полномошникот адвокат, заедно со сите списи на предметот е доставена на надлежно постапување и примена во Апелациониот суд Битола на ден 06.07.2021 година. Од изнесеното, се работи за предмет кој е во фаза на жалбена постапка, па наводите од

претставката како жалбени наводи ќе бидат предмет на оценка и анализа од повисокиот суд. **Претставка УПП бр.08-368/21** од 17.06.2021 година, за постапување на судија на Основниот граѓански суд Скопје, за незадоволство од одлуката П1 бр.776/18 со која е одбиен предлогот за повторување на правосилно завршената постапка П1 бр.3786/11. Се наведува дека предлогот кој е поднесен поради давање лажен исказ на вешто лице и во согласност со чл.395 од ЗПП неосновано е одбиен, а дека еподнесен нов предлог за повторување на постапката за кој сеуште не е закажано рочиште. Судијата во својата изјава наведува дека во постапката било одржано рочиште, па врз основа на наводите содржани во предлогот и доставените докази, со примена на законските одредби од ЗПП кои се однесуваат за условите за повторување на постапката се донело решението П1 бр.776/18 од 25.09.2019 година со кое предлогот е одбиен како неоснован. Постапката е правосилно завршена, а наводите во претставката како жалбени наводи веќе биле предмет на анализа и оценка на Апелациониот суд Скопје кој со одлука ја потврдил првостепената одлука. По однос на поднесеното барање за судење во разумен рок, пред Врховниот суд во тек е постапувањето по предметот ПСРРГ бр.10/21 чиј исход е потребно да се сочека. Во врска со наводите дека е поднесен нов предлог за повторување на постапката, по направени извиди констатирано е дека во Основниот граѓански суд Скопје не е заведен односно евидентиран ваков предлог. **Претставка УПП бр.08-378/21** од 21.06.2021. 24.06.2021 и 21.07.2021 година, во врска со постапувањето на судија на Основен суд Прилеп по предметот П4 бр.34/21, се наведува дека иако во извршната постапка, согласно донесениот заклучок за извршена продажба на надлежен извршител е утврдено дека подносителот е купувач на недвижниот имот, од страна на противникот се прават обиди за одолговлекување на постапката со поднесување на предлог за издавање на привремена мерка по кои постапува Оснивниот суд Прилеп. Се напоменува дека постапките траат долго, без да се почитува итноста при постапувањето. Од наводите изнесени во претставката и дополнувањата, произлегува дека Основниот суд Прилеп со решение ВПП2 бр.46/21 од 07.05.2021 година го одбил предлогот поднесен од З. М. (противник во извршната постапка) за издавање на привремена мерка за времено запирање на извршувањето кај извршител како неоснован. По однос на предлогот за издавање на привремена мерка за обезбедување на непарично побарување поднесена од З. М., Основниот суд Прилеп постапил по дадените напатствија во решението ГЖ бр.1075/21 од 01.07.2021 година на Апелационен суд Битола, со решение П4 бр.34/21 од 09.07.2021 година предлогот го одбил како неоснован и жалбената

постапка е во тек. Од наведеното, постапувањето на судијата е согласно предвидените законски овластувања и почитувани се одредбите за водење на постапка. Со оглед на тоа што наводите содржани во претставката и дополнувањата претставуваат жалбени наводи, истите единствено ќе бидат предмет на оценка и анализа од страна на надлежен повисок суд, а Судскиот совет нема надлежност да менува, укинува или преиначува одлука донесена од суд. **Претставка УПП бр.08-389/21** од 24.06.2021 година, за постапувањето на судија на Основниот граѓански суд Скопје по предметот ПЛ1-ТС бр.2028/16, каде подносителот е полномошник на тужениот во постапката. Се наведува дека неосновано се одржани голем број на рочишта со што судијата сторил повреда на чл.10 од ЗПП и на начелото на економичност во постапката, а неосновано е уважено тужбеното барање на тужителот иако во меѓувреме бил во целост исплатен главниот долг. Се напоменува за непринципиелно постапување на судијата по однос на термините на закажани расправи и за незаконско усвојување на процесните трошоци без да бидат почитувани чл.149 и чл.150 од ЗПП. Во својата изјава судијата појаснува дека по предметот биле одржани повеќе рочишта, меѓутоа во постапката ненавремено биле доставувани доказите за плаќање на главниот долг на што тужителот барал да ги разгледа и да се произнесе. Наведува и за потребата од изготвување на нови и дополнувања на изготвените вештачењата поради постепеното плаќање на долгот, а биле направени и обиди за усогласување на вештачењата за што поради неусогласеност било неопходно да се изготви супервештачење, како и постоењето на можност за вонсудско порамнување што допринело до одржување на голем број на расправи. Постапувањето на судот по конкретниот предмет зависело од исполнување на процесните претпоставки и однесувањето на странките во спорот, што влијаело на траењето на постапката. Постапката е завршена со првостепена одлука ПЛ1-ТС бр.2028/16 од 11.01.2021 година. Од изнесеното, се работи за предмет кој е во фаза на жалбена постапка и наводите во претставката како жалбени наводи ќе бидат ценети од надлежниот Апелационен суд Скопје. **Претставка УПП бр.08-401/21** од 02.07.2021, 06.07.2021 и 28.07.2021 година, доставена од Владата на Република Северна Македонија и Министерството за правда во врска со незадоволство од постапување на судии на Апелационен суд Скопје и Врховен суд на РСМ по предметите ГЖ.бр.2589/15, Рев.2 бр.555/10 и Рев.2 бр.358/18. Судскиот совет по спроведени проверки констатира дека од страна на подносителот била поднесена претставка заведена под УПП бр.08-416/1 од 30.12.2020 година и дополнување од 15.04.2021 година и подносителот е известен со Известување УПП.бр.08-416/20 од

27.05.2021 година. Со оглед дека Судскиот совет веќе постапувал по претставка во врска со исти наводи и за истата правна работа, а во новоподнесената претставка не се наведени нови факти или околности, претставката да се затвори со службена белешка предвид чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози.

**Претседателот на Советот** му даде збор на наредниот известител, **членот на Советот Сашко Георгиев** да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Воедно, констатира дека на седницата повторно е присутен **членот на Советот Весна Дамева.**

**Членот на Советот Сашко Георгиев** ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **Сашко Георгиев** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.298/21 -**Подносителката изразува незадоволство од однесување на судија на Основен суд Кичево за настан кој се случил на работното место на подносителката, при што таа била навредувана, омаловажувана од судијата и и биле упатени закани. За настанот бил запознаен и работодавачот на подносителката од кој истата побарала заштита, но била обвинета дека грешката е нејзина, а не на судијата. Поради тоа била принудена да даде отказна изјава и ја напуштила работата, така што сега прима лекарства за смирување и не е во можност да продолжи со работата. Советот во рамките на законските надлежности спроведе потребни извиди, прибави изјава од судијата, по што го констатира следното. Во изјавата судијата во целост ги негира наводите на подносителката, наведувајќи дека истата не ја познава, дека се работи за недозразбирање како приватно лице и дека истото нема врска со обавување на судиската функција. Нагласува дека наводите во претставката се неосновани со цел да се наштети на угледот на судијата и дека подоцна ја

дознал причината за тоа – незадоволство од донесена одлука од близок роднина на подносителката.Советот оцени дека во случајот не станува збор за постапување на судија по конкретен предмет, туку за однесување на судија во конкретен настан надвор од судот, но сепак во рамкиоте на законските надлежности, а имајќи ги предвид изнесените наводи на подносителката и понатаму ќе се следи работата на посочениот судија. **Претставка УПП бр.319/21 -** Подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Кичево за кој посочува дека ја оддолговлекувал постапката, поточно дека вкупно осум рочишта биле одложени без законски причини за одлагање на рочиштата врз основа на Законот за парнична постапка. Во прилог доставува записник од главна расправа од 11.03.2021 година за кој смета дека немало законска причина за одлагање, но сепак судијата одлучил да ја одложи расправата поради немање време. Советот во рамките на законските надлежности спроведе потребни извиди, прибави изјава од судијата кој постапувал по конкретниот предмет, по што го констатира следното: Судијата во својата изјава појаснува дека по предметот е постапувано согласно законот, а на ден 05.04.2021 година била донесен апресуда со која е одбиено тужбеното барање кое го застапувал подносителот како адвокат. Посочува дека наводите во претставката се нејасни и паушални и поднесувањето на истата е за да се изврши притисок врз судијата со цел да се издејствува поповолна одлука. Воедно, укажува на тоа дека подносителот доколку смета дека има повреди на постапката, може да изјави редовни правни средства кои му стојат на располагање согласно законот. Видно од приложениот записник за главна расправа, расправата од 11.03.2021 година е одложена, но за само шест дена подоцна – за 17.03.2021 година, што не укажува на тоа дека има оддолговлекување на постапката, а согласно Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, така што во случајот судијата оценил дека е потребно повеќе време за да се излезе на лице место и дека во моментот немало услови да се излезе на лице место. Во случајот постапката е во тек, а наводите подносителот може да ги истакне во жалбена постапка пред повисок суд, во случајот Апелациониот суд Гостивар. Останатите наводи за однесувањето на судијата се паушални и непоткрепени со никаков доказ. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Имајќи го предвид сето погоре изнесено, Советот смета

дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата кој постапувал по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.335/21 -** Подносителот наведува дека бил огласен за виновен без докази во постапката, дека барал од судијата дали наводно оштетениот доставил лекарско уверение, дека нема очевидец-сведок на настанот и дека истиот не бил повикан во судот.Имено, во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Во случајот станува збор за жалбени наводи кои биле предмет на оценка од повисок суд, во случајот Апелациониот суд Скопје кој по изјавена жалба донел одлука со која жалбата се одбива како неоснована, така што постапката е правосилно завршена. Имајќи го предвид сето погоре изнесено, Советот смета дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата кој постапувал по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.343/21** Подносителот изразува незадоволство поради изречена глоба на обвинетите од по 150 евра, кои нему и на други лица им нанеле тешки телесни повреди. Бара Судскиот совет да ја разгледа постапката по предметот.Имено, во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Во случајот станува збор за жалбени наводи кои можеле да бидат предмет на оценка од повисок суд, но во случајот жалба не била изјавена, постапката е правосилно завршена, а одлуката станала правосилна на 01.02.2021 година. Имајќи го предвид сето погоре изнесено, Советот смета дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата кој постапувал по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.354/21** - Подносителот доставува известување во кое наведува дека Советот се повикал на чл.11 од Законот за постапување по предлози и претставки, но од увид во списите по претставката ваквите наводи се неточни бидејќи до подносителот е доставено известување по наводите од претставката под УПП

бр.08-293/20, поради што известување со истата содржина повторно Ви се доставува. Како адвокат на тужителката, подносителот посочува дека тужбеното барање на тужителката за утврдување ништовност на решение на Основен суд Дебар за спроведување на оставинска постапка на оставителот е одбиено како неосновано, а по изјавена жалба од тужителката, Апелациониот суд Гостивар истата ја одбил како неоснована, а првостепената пресуда ја потврдил. Изнесува наводи за суштествена повреда на одредбите од ЗПП, како и по однос на фактичката состојба, дека станува збор за фалсификувано судско решение за фиктивно спроведена оставинска постапка на оставителот, дека на тужителката воопшто не и било доставено решението за да се произнесе по истото, дека судиите на Апелациониот суд Гостивар воопшто не им поклониле никаква верба, ниту се произнеле за доказите приложени во жалбената постапка. Бара Судскиот совет да покрене постапка за утврдување на одговорност на судиите и на првостепениот и на второстепениот суд.Советот по направени извиди во рамките на законските надлежности, презеде потребни извиди, а имајќи ги предвид наводите на подносителот го констатира следното:Во конкретниот случај станува збор за жалбени наводи кои биле изнесени и ценети од страна на второстепениот суд, а со оглед да против одлуката на Апелациониот суд Гостивар изјавена е ревизија пред Врховниот суд на РСМ, потребно е да се сочека исходот од истата. Во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки.Советот по службена должност а и по повод изнесените наводи во претставката по однос на постапувањето од страна на судиите ќе ја следи работата на судиите, а по однос на одлуките и одлучувањето на судиите надлежни се повисоките судови согласно чл.13 од Законот за судовите. Врз основа на погоре изложеното потребно е да се сочека исходот од поднесената ревизија пред повисокиот суд, во случајот пред Врховниот суд на Република Северна Македонија. **Претставка УПП бр.360/21** - се однесува на прашања на кои веќе е одговорено на подносителот на претставката и во истиот нема нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување – претходната претставка, поради што Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истиот.Поради изнесеното,

Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира предметот да се смета за завршен и истиот да се архивира. **Претставка УПП бр.369/21** - се однесува на прашања на кои веќе е одговорено на подносителот на претставката и во истиот нема нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување – претходната претставка, поради што Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по истиот.Поради изнесеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира предметот да се смета за завршен и истиот да се архивира. **Претставката под УПП-380/21** е повлечена од подносителот поради што Советот нема да постапи по истата и најсоодветно е истата да се архивира со службена белешка. **Претставка УПП бр.391/21** - Подносителот доставува одговор на известување по претходно поднесени претставки под УПП бр.08-133/20 и УПП бр. 08-269/21. Бара одговор од Советот дали за исти предмети кај ист судија се носат различни пресуди во однос на процесните трошоци. Воедно изразува незадоволство од постапувањето на судија по предмет ПЛ1-П бр.516/17, за кој тврди дека е базиран на фалсификати и лажна изјава на сведок.Советот по спроведени извиди, а имајќи ги предвид наводите на подносителот најде дека во посочениот предмет ПЛ1-П бр.516/17 станува збор за жалбени наводи кои биле предмет на оценка од повисокиот суд, во случајот Апелациониот суд Скопје, жалбата била одбиена како неоснована, а одлуката станала правосилна на 03.11.2020 година. Инаку, судијата која постапувала по предметот во Основниот граѓански суд Скопје во тој период била времено упатена за вршење на судиската функција, а сега истата е судија во Основниот суд Куманово. По однос на наводите на подносителот дали за исти предмети кај ист судија се носат различни пресуди во однос на процесните трошоци, Советот не може да се произнесе бидејќи секој предмет не е идентичен по основ и висина на трошоците во постапката, а Врховниот суд на РСМ согласно законските надлежности утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство со примена на законите од страна на судовите.Имено, во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Имајќи го предвид сето погоре изнесено, Советот смета дека нема

елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата кој постапувал по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.400/21 -** Подносителот изнесува наводи за непристрасно водење на постапката од страна на судијата, имено дека судијата не постапила согласно чл.374 ст.1, 2 и 3 од ЗКП по однос на тонско снимање на расправата, ниту дала образложение за причините поради кои не го водела записникот тонски, го навела сведокот да даде друг одговор на записник различен од претходно даден на прашање на бранителот на обвинетиот, поради што смета дека на тој начин се оштетени правата на обвинетиот, а се фаворизира оштетениот. Се посочува дека е доведено во прашање и начелото на рамноправност на странките и еднаквост на оружјата бидејќи судијата прифатила да биде сослушан на самото рошиште сведок кој бил предложен од тужителот-оштетениот.Советот во рамките на законските надлежности спроведе потребни извиди, прибави изјава од судијата која постапувала по предметот по што го констатира следното: Судијата во изјавата појаснува дека видно од записникот, обвинетиот и неговиот бранител не побарале расправата да се води тонски или визуелно-тонски, таа како судија немала должност да побара согласност за начинот на водење на постапката, а истите биле известени дека расправата не се снима ниту тонски, ниту визуелно и дека текот на расправата ќе се одвива записнички, на што странките немале никаков приговор или забелешки. Ги негира како неосновани наводите по однос на фавозризирање или нанесување штета, а одговорот на сведокот бил внесен на записник онака како што бил и изнесен. Бидејќи од исказот на оштетениот произлегло дека сведокот бил очевидец на настанот, судијата оценила потреба да го прифати предлогот за негово сослушување, истиот дошол на на рочиштето без покана, а и за да не се одлага расправата и да се прават дополнителни трошоци бидејќи на рочиштето биле присутни и сведоците на одбраната кои биле од Скопје. Појаснува дека исказот на сведокот не е единствен доказ, напротив има бројни докази заради правилно утврдување на фактичката состојба. Потенцира дека записниците од главна расправа во кривичната постапјка не се потпишуваат од странките, кое нешто укажува на неоснованост на наводите дека обвинетиот и бранителот одбиле истите да ги потпишат. Имено, во чл.11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите. Согласно член 13 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот

совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Во случајот станува збор за жалбени наводи кои можат да бидат предмет на оценка пред повисок суд кој е надлежен да ја цени одлуката на првостепениот суд.Имајќи го предвид сето погоре изнесено, Советот смета дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата кој постапувал по предметот, поради што претставката е неоснована.

**Претседателот на Советот,** пред да му даде збор на наредниот известител, **членот на Советот Мирсад Суроји** да пристапи кон реферирање на пријавените претставки истакна дека поради евентуален судир на интереси се иззема од постапување и одлучување по претставката УПП.бр.08-123/21. Дополни дека поради отсуство на заменик претседателот на Советот Миљазим Мустафа во моментот нема замена и неможе да го пренесе раководењето со седницата од кои причини ќе продолжи со раководење со истата.

Во продолжение **Претседателот на Советот** даде збор на известителот, **членот на Советот Мирсад Суроји** да пристапи кон реферирање на претставките.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** пред да пристапи кон изложување на претставките информираше дека ја повлекува претставката УПП.бр.08-234/21.

Во продолжение **членот на Советот Мирсад Суроји** ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **членот на Советот Мирсад Суроји** по изложените претставки (освен за претставките УПП.бр.08-234/21 која е повлечена и УПП.бр.08-123/21 за која претседателот на Советот е изземен од гласање). Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП.бр.08-106/2021 - Неоснована.** Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека со пресуда на Основниот Основен кривичен суд Скопје, К.бр.3774/07 на му била изречена условна осуда. Подоцна се водела постапка КС-КР.бр.1373/2014 за отповик на условна осуда, со што била отповикана истата и било утврдено да издржувате казна затвор. По вонреден правен лек и пресуда на Апелациониот суд Скопје постапката за отповик на условната осуда била запрена со решение. Во времето кога била донесена првостепената одлука за отповик на условна осуда, судот доставил наредба до МВР за забрана за издавање на патна исправа, што повлекува и издавање на лична карта. Подносителот на ден 22.11.2019 година со поднесок побарал од судот да го извести МВР да ви издаде потврда дека нема правни пречки за издавање на патна исправа. Меѓутоа, кога го повикале во судот за да ја земе потврдата, било кажано дека фалат списи по предметот и истите ги доставил до судот, но подоцна немал никаква комуникација со судот. Наведува дека боледува од канцер и не можете да извадите лична карта заради лекување. Советот побара изјава од судијата кој постапувал по предметот и истата во изјавата наведе дека со пресуда на Основниот Основен кривичен суд Скопје К.бр.3774/07 од 07.11.2013 година подносителот бил огласени за виновен за сторено кривично дело – Измама од член 247 став 4 в.в. со став 1 од КЗ. Второстепениот суд со пресуда КЖ.бр.399/14 од 23.04.2014 година ја преиначил првостепната пресуда и му изрекол алтернативна мерка – условна осуда. Со оглед на тоа дека не ја исполнил обврската спрема оштетениот, бил поднесен предлог за отповикување на условна осуда и формиран предмет КС-КР.бр.1373/2014. Потоа судот определил дека утврдената казна затвор треба да се изврши. Второстепениот суд со пресуда КЖ.бр.762/18 од 13.02.2019 година ја потврдил првостепната пресуда, што значи дека требал да отпочне со издржување на казната затвор. Од негова страна било побарано да се достави отпусен лист дека ја издржал казната затвор, или пак друг доказ дека настапила апсолутна застареност за издржувањето на казна затвор. Проблемот настанал кога произлегло дека не била одлуката здружена во списите, заради што дополнително бил прибавен предметот КС-КР.бр.1373/2014 од каде се утврдило дека не ја издржал казната затвор бидејќи било поднесено барање за повторување на постапката, па Врховниот суд донел одлука со која ја укинал второстепената одлука со која е потврдена одлуката на првостепениот суд за отповикување на условната осуда. При повторно длучување судот донел одлука со која констаирал дека настапила апсолутна застареност на

извршување на казната. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека барањето на подносителот за издавање на патна исправа веќе било потпишано односно пресудата веќе не е пречка за издавање на патна исправа, а воедно и на лична карта. **Претставка УПП.бр.08-138/2021 - Неоснована.** Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека со пресуда на Основниот суд Охрид, К.бр.81/17 од 27.06.2019 година бил огласен за виновен за кривично дело – Оштетување туѓи предмети по член 243 став 1 од КЗ. Против оваа пресуда била изјавена жалба, која второстепениот суд ја укинал со решение КЖ.бр.543/19 од 02.12.2019 година. Основниот суд Охрид донел втора пресуда К.бр.5/20 од 15.10.2020 година со која бил огласен за виновен и му била изречена алтернативна мерка – условна осуда со парична казна од 20 дневни глоби, бидејќи го оштетил имотот на приватната тужителка М. Ѓ. Т. И. на КП бр…. во КО Елшани на начин што ја извадил влезната метална двокрилна врата и ги оштетил ѕидовите од камен, така што влезот на тужителката бил нефункционален, а била оштетена и терасата бидејќи извел широк ископ. Оттука смета дека судот погрешно утврдил кога го огласил за виновен. Постапувајќи по жалбата, второстепениот суд ја потврдил ваквата пресуда. Советот побара изјава од судиите кои постапувале по предметот во Апелациониот суд Битола и истите во изјавата наведоа дека предметот пред Апелационен суд Битола КЖ.бр.533/20 е оформен по изјавена жалба од негова страна против пресудата на Основниот суд Охрид К.бр.5/20 од 15.10.2020 година со која истиот е огласен за виновни и му била изречена алтернативна мерка – условна осуда со парична казна од 20 дневни глоби. Првостепениот суд од изведените докази утврдил дека тој како сосед со парцелата на приватната тужителка при преземањето на градежните активности биле оштетени предмети во сопственот на приватната тужителка и нејзиниот брат. Точно е дека предметите се наоѓаат на неговата парцела, меѓутоа дел од куќата на приватната тужителка навлегува во парцелата на подносителот и дел од пристапната патека, но самата куќа и патеката се во сопственост и владение на приватната тужителка, кое право било признаено и од негова страна кога со писмен документ се согласиле да ја помести градбата на својот објект. По утврдување на фактичката ссотојба, првостепениот суд донел одлука, која е потврдена од второстепениот суд. Постапката е правосилно завршена. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судиите кои постапувале по предметот, Советот најде дека постапката по предметот е правосилно завршена, а согласно

член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. **Претставка УПП.бр.08-162/2021 – Неоснована.** Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека со пресуда У-1.бр.563/2020 од 12.01.2021 година Управниот суд Скопје тужбата на тужителот ДПТУ К.-Т. ДООЕЛ Крушево ја уважил и решението Уп.бр.0801-118 од 23.07.2020 година на Државна комисија го поништил. Судот ја задолжил комисијата да ги надомести трошоците на спорот за застапување на полномошник. Оттука подносителот смета дека е повреден законот бидејќи одлуката е донесена без списи односно судот не ги обезбедил списите. Наведува дека се произнеле по однос на тужбените наводи, доставиле одговор на тужба, а воедно на судот му укажале дека списите се наоѓаат кај првостепениот орган и да се обрати до него да ги прибави. Меѓутоа судот не ги обезбедил списите кога одлучил и не се обратил до првостепениот орган. Оттука подносителот смета дека е направена груба повреда на одредбите од материјалното право. По однос на трошоците на постапката, наведува дека истите паѓаат на товар на Буџетот на РСМ бидејќи второстепната комисија се финансира од буџетот. Во случајов трошоците на постапката паѓаат на товар на Буџетот на РСМ бидејќи како застапник се јавува јавното правобранителство. Подносителот е единка буџетски корисник која се финансира од буџетот, нема самофинансирачки активности, туку само расходи. Исто така тужителот во постапката не е во никаков материјално правен однос со комисијата за да остварува права спрема комисијата, во конкретниот случај правото на социјална заштита. Советот побара изјава од судијата кој постапувал по предметот и истата во изјавата наведе дека наводите во претставката се неточни и паушални, без докази. Согласно законските одредби, обврската за достава на списи по предметот до судот е на второстепенио орган. Одлуката У-1.бр.563/2020 од 12.01.2021 година е сеуште неправосилна односно постапката е по жалба во Вишиот управен суд Скопје. Од спроведените извиди, увидот во претставката, увидот во пресудата У-1.бр.563/2020 од 12.01.2021 година прилог на претставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметот од 19.05.2021 година, Советот најде дека постапката по предметот е по жалба во Вишиот управен суд Скопје и судот ќе ги цени наводите во претставката како жалбени наводи при одлучувањето. Воедно, Судскиот совет на РСМ му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, истиот нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно

судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. **Претставка УПП.бр.08-174/2021 - Неоснована.** Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека Основниот суд Кочани со решение ВПП.бр.259/18 од 13.02.2019 година му определил паричен надоместок за експропријација во износ од 236.963,00 денари за површина од 665 м2. По жалба ваквото решение е укинато од воторостепениот суд. Основниот суд Кочани со ново решение ВПП.бр.136/19 од 22.01.2020 година повторно го определил истиот надоместок. По жалба повторно ваквото решение е укинато со потреба проценителот да даде детално објаснување за дадената проценка. Основниот суд Кочани со ново решение ВПП.бр.27/20 од 06.10.2020 година му определил паричен надоместок за експропријација во износ од 46.550,00 денари. Подносителот наведува дека судот воопшто го немал предвид излагањето и образложението на проценителот односно определен е надоместок врз основа на проценка која не постои. Потоа поднел жалба, но истата била одбиена како неоснована односно било потврдено првостепеното решение. Оттука смета дека со ова последно решение на второстепениот суд се направени повреди на постапката. Советот побара изјава од судечкиот совет кој постапувал по предметот и истите во изјавата наведоа дека судот со решение ВПП.бр.259/18 од 13.02.2019 година донел решение кое второстепенииот суд го укинал со решение ГЖ.бр.326/19 од 02.09.2019 година, поради недоречености и контрадикторности во корегираната процена за цена на земјиште. По повторно одлучување Основниот суд Кочани донел решение ВПП.бр.259/18 од 13.02.2019 година донел решение кое второстепенииот суд го укинал со решение ГЖ.бр.261/20 од 22.01.2020 година бидејќи судот требало со сигурност да утврди дали прифатената цена од 330,00 денари по м2 е реална парична вредност, кое нешто проценителот го утврдил согласно одлуката за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на Општина Кочани, а не согласно методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот. Основниот суд Кочани со ново решение ВПП.бр.27/20 од 06.10.2020 година утврдил надоместок за земјиште по цена од 70,00 денари за м2. Второстепениот суд со решение ГЖ.бр.711/20 го потврдил првостепното решение во делот на определениот надоместок. Вака донесената одлука судиите сметаат дека е правилна, законита и истатата има поткрепа во одредбите од Законот за експропријација и Законот за земјоделско земјиште, а пред се во Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот и Законот за процена. Од спроведените извиди, увидот во претставката и

изјавата на судиите кои постапувале по предметот, Советот најде дека решението ГЖ.бр.711/20 на Апелациониот суд Штип е правилно и законито, за што судот дал доволно образложени причини за решителните факти, па оттука постапката е правосилно завршена. Воедно, Судскиот совет на РСМ му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, истиот нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. **Претставка УПП.бр.08-186/2021 - Неоснована.** Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека судијата по одржани подготвителни рочишта и рочишта за главна расправа, спротивно на одредбите од член 19 и член 16 став 2 од ЗПП, иако изминале сите рокови за кои законот дозволува донесување на процесно решение да се огласи за месно ненадлежен, после 8 месеци носи решенија за месна ненадлежност во предметите Ро.бр.186/20, Ро.бр.305/20, Ро.бр.185/20, Ро.бр.180/20, Ро.бр.181/20 и Ро.бр.184/20, а претходно донесените решенија со кои го одбил приговорот за месна ненадлежност, како и тие со кои се закажани рочишта ги отповикал. По однос на предметите Ро.бр.263/20 и Ро.бр.247/20 судот на ден 22.02.2021 година донел решение за месна ненадлежност врз основа на приговор истакнат во одговор на тужба односно судот одлучил после 5 месеци во кој период нема превземено апсолутно никакви дејствија. Судијата не ја завршила постапката во предвидениот рок од член 405 став 4 од ЗПП. Наведува дека судијата постапувала спротивно и на член 16 став 2 од ЗПП затоа што после одржано подготвително рочиште и впуштање на тужениот во расправа за главна работа носи решенија со кои се огласува за месно ненадлежен и предметите ги отстапува на Основниот граѓански суд Скопје. Жалба против решенијата за месна ненадлежност немате поднесено со цел постапката да не се одлговлекува. Подносителот наведува дека судијата нестручно и несовесно ја врши својата функција. Советот побара изјава од судијата кој постапувал по предметот и истата наведе дека не се точни наводите во претставката дека во наведените предмети се одржани рочишта за главна расправа, подготвителни рочишта и истите биле одлагани поради барање на полномошниците на странките за склучување на судско порамнување. Од спроведените извиди, увидот во претставката, одлуките прилози кон истата и изјавата на судијата, Советот најде дека по однос на предметите Ро.бр.186/20, Ро.бр.305/20, Ро.бр.185/20, Ро.бр.180/20, Ро.бр.181/20, Ро.бр.184/20, Ро.бр.263/20 и Ро.бр.247/20 судот донел решенија со кои се огласил за месно ненадлежен и бидејќи не била изјавена

жалба, истите станале правосилни. По однос на предметите Ро.бр.186/20, Ро.бр.185/20, Ро.бр.180/20, Ро.бр.181/20, Ро.бр.184/20 и Ро.бр.305/20 судот не донел посебно решение со цел постапката да не се одлговлекува, со тоа што решението за приговорот ќе се внесе во одлуката за главната работа. Имајќи го предвид наведеното Советот најде дека по донесените решенија за ненадлежност, подносителот имал можност да поднесе жалба, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги ценел како жалбени наводи, меѓутоа истиот не го искористил правото на редовен правен лек. Воедно, Судскиот совет на РСМ му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, истиот нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**Претседателот на Советот** на гласање ја стави претставката УПП.бр.08-123/21, за која е изземана од расправа и одлучување. По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП.бр.08-123/2021 - Неоснована.** Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека со пресуда П1.бр.1739/11 на Основниот граѓански суд Скопје било усвоено тужбеното барање на АДГ “М.” во стечај. Преку извршител С. Ф. и адвокат М. Т. требало да се наплати од АДГ “М.” во стечај неплатени години стаж за 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009. Од страна на Стечајниот управник В. Д. подносителот бил исфрлен од наплата на побарувањето, а објектот бил продаден. Во својство на доверител бил обележан во збирниот список за наплата. Наведува дека е оштетен бидејќи по пресудата имал наплата по продажба на објектот кој бил продаден. Наплатата по предметот Ст.бр.265/16 не била извршена. Исто така барал прием кај судијата, но истата го одбила. Советот побара изјава од судијата кој постапувал по предметот и истата во изјавата наведе дека подносителот не бил примен кај неа заради Ковид-19 мерките односно протоколот за заштита. Во однос на неговото побарување во стечајната постапка, со прва пријава бр.1530 побарал да се утврди побарување по основ за ПИОМ во износ од 720.000,00 денари, меѓутоа му било уврдено во износ од 55.378,00 денари за последните 3 години. Со втора пријава бр.1739 побарал да се утврди побарување по правосилна пресуда РО.бр.3415/07 и тоа придонеси за ПИОМ, но му било утврдено парично побарување од

202.185,00 денари со оспорено разлачно право бидејќи со налогот за извршување се стекнал со разлачно право врз недвижниот имот на должникот во последните 90 дена пред поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка. Заради овие причини неговиот приговор не бил прифатен, согласно решението Ст.бр.252/09 и 261/09 од 22.12.2010 година. Со ова решение стечајниот управник бил упатен да заведе спор за оспорените побарувања. Биле поднесени повеќе групни и поединечни тужби. Со групна тужба заведена под П1.бр.1739/11 како тужен се јавува и подносителот. По овие тужби биле донесени пресуди со кои е усвоено тужбеното барање на АДГ “М.” во стечај. На повеќе пати му било укажувано дека не е разлачен доверител, туку стечаен доверител. Од страна на извршителот е извршена продажба на имотот над кој поранешно вработените имаат разлачно право. Од спроведените извиди, увидот во претставката, увидот во списите прилог на претставката и изјавата на судијата, Советот најде дека подносителот во стечајната постапка немал статус на разлачен доверител туку статус на стечаен доверител и во тоа својство бил исплатен, впрочем како останатите стечајни доверители. Не бил примени од судијата заради Ковид-19 мерките односно протоколот за заштита, а повеќе пати му било икажувано за правната состојба со исплатата на неговото побарување. Воедно, Судскиот совет на РСМ му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, истиот нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**Претседателот на Советот** даде збор на наредниот известител, **членот на Советот Весна Дамева** да пристапи кон реферирање на претставките.

Во продолжение **членот на Советот Весна Дамева** ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

По однос на претставката УПП.бр.08-396/21 **членот на Советот Весна Дамева** побара координаторот за работата на Основен кривичен суд да ја провери околноста дали со некое дејствие судијата кој постапувал по предметот придонел да настапи застареност на кривичното гонење.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го

стави на гласање предлогот на известителот **членот на Советот Весна Дамева** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За" е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-34/1 -**подносителот во претставката изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Кичево во врска со предмет РО бр.119/19, а во насока дека постапката се одолговлекува. Во рамките на законските надлежности Советот, спроведе извиди и врз основа на прибавена изјава од судијата констатира дека во Основниот суд Кичево предметот РО бр.119/19 е оформен по поднесена тужба на ден 12.11.2019 година. Во конкретниот случај, предметот не е статусен работен спор, туку се работи за спор за парично побарување.Причините поради кои постапката по предметот не е завршена се од објективен карактер, меѓу кои и состојбата со вирусот Ковид-19.Поради горенаведеното, Советот најде дека претставката е неоснована.Но, Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно законските надлежности редовно ја следи состојбата во судовите, во чии рамки е и следењето на конкретниот предмет, така што при констатирано евентуално отстапување и пречекорување на роковите за преземање на процесни дејствија ќе се превземат понатамошни соодветни дејствија. **Претставка УПП бр.08-247/1** во која се изразува незадоволство од постапувањето на Основен граѓански суд Скопје, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.08.2021година констатира дека претставки во врска со конретниот предмет се доставени и претходно заведени под УПП -61/19 и УПП- 73/19 по кои Советот одлучувал на седницата одржана на 30.09.2019 година и доставено е известување за истото до подносителот Со оглед да во конкретниот случај не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати при претходното постапување и одлучување во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15), Советот одлучи претставката да се затвори со службена белешка и истата да се архива. **Претставка УПП бр.08-263/1** во која се изразува незадоволство од постапување на судии од Основен граѓански суд Скопје и од Апелациониот суд Скопје, Судскиот совет на Република Северна Македонија ја разгледа на седницата

одржана на ден 26.08.2021година. Претставката не е уредно потпишана од лицето во чие име е поднесена, Советот со допис УПП 08-263/21 од 23.04.2021година побара да биде уредена од подносителот, во спротивно ќе се смета дека се откажал од претстваката. Со оглед да не е постапено од страна на подносителот, Советот смета дека подносителот се откажал од претставката и одлучи истата да се затвори со службена белешка и да се архива. **Претставка УПП бр.08-275/1 -**Во претставката се изразува незадоволство од  постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот 3ПЛ1-П-19/19 во смисла дека постапката е водена неекoнимично и несовесно. Смета дека во случајот е повредено начелото на економичност, итност и судење во разумен рок и дека од страна на судијата при донесување на одлуката не се ценети правилно доказите доставени од негова страна. Советот по спроведенити извиди, најде дека пресудата на Основен граѓански суд Скопје 3ПЛ1-П-19/19 од 08.02.2021 година е потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје ГЖ-1645/21 од 12.05.2021 година, односно првостепената пресуда била предмет на оценка од повисок суд кој е единствено надлежен да испитува, односно менува или укинува судска одлука во постапка пропишана со закон во смисла на член 13 став 3 од Законот за судовите.Наводите во претставката кои се однесуваат на неекономичното водење на постапката се неосновани од причина што од прибавената изјава од судијата произлегува дека предметот немал статус на стар предмет бидејќи бил завршен во законски предвидениот рок. Постапката завршила по одржани четири рочишта за главна расправа и покрај тоа што предметот бил квалификуван како сложен предмет, со распит на странки и сведоци, како и изведување на поголем број докази. Доколку подносителот смета дека му е повредено правото за судење во разумен рок има законска можност за иницирање на постапка пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој е надлежен да одлучува по истото. **Претставка УПП бр.08-283/1**- Во претставката се изразува незадоволство од  постапување на Основен граѓански суд Скопје по предметот П5-16/21. Според наводите на закажаната расправа на ден 27.04.2021година, судијата оневозможил присуство на овластениот набљудувач во својство на стручна јавност, иако решение за исклучување на јавноста не било донесено, со образложение дека не постојат услови во судницата за присуство на повеќе лица поради состојбата со вирусот Ковид-19, со оглед на која од страна на Владата е изречена и забрана за јавни собири.Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата,

од која произлегува дека на закажаното рочиште пред судницата имало повеќе лица кои претендирале да влезат како медиуми и набљудувачи во предметот, меѓу кои и претставници од повеќе невладини организации и медиуми, а доколку бил присутен само еден претставник од набљудувачите би бил примен во судницата. Со оглед на големиот интерес за предметот и барањето за присуство на повеќе од 6-7 лица, а имајќи предвид дека од страна на судот заедно со адвокатите биле присутни 6 лица, невозможно било во такви услови без дистанца нормално да се одвива судењето, особено поради опасност по животот и здравјето на присутните. Судијата се обидела тој ден да обезбеди поголема судница, но не успеала бидејќи истата била зафатена со друго судење, па на претставниците на медиумите и набљудувачите им било кажано дека на наредното рочиште закажано за ден 21.06.2021година да биде обезбедена поголема судница. Имајќи предвид дека во конкретниот случај станува збор за објективни причини поради кои од страна на судот не било овозможено присуство на овластен набљудувач, како и на претставниците од медиумите и невладините организации на закажаното рочиште за главна расправа на 27.04.2021 година, Советот најде дека наводите во претставката се неосновани. Ова дотолку повеќе што судијата направила обид да обезбеди услови со цел да овозможи следење на судењето од страна на присутните претставници, односно јавност, но и покрај тоа немало технички услови за истото. За наредното закажано рочиште судијата презела дејствија за обезбедување услови за присуство на заинтересираните претставници, за кое подносителот е известен. **Претставка УПП бр.08-295/1** - Во претставката се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот П1-590/20. Според наводите има сомневање во пристрасност на судијата, особено што во текот на постапката имало промена на судиите и дека немало тонско снимање на рочиштата. Советот од спроведени извиди и прибавена изјава на судијата утврди дека по предметот на Основниот граѓански суд Скопје П1-590/20 постапувал друг судија, но со Одлука за измена на Годишен распоред за работа на судијата спрема кој се изразува незадоволство му бил доделен повторно предметот во работа. Причините поради кои расправата не се снимала тонски се од техничка природа и истото им било соопштено на странките кои се согласиле за текот на расправата да се сочини записник во писмена форма на кое немало приговор. Од изјавата на судијата произлегува дека подносителот во континуитет се однесувал агресивно на расправите, не ги почитувал наредбите на судијата во

врска со недоличното однесување, а таквото однесување е констатирано и во записникот на расправата од 18.03.2021 година кога и бил прекинат процесот, по што било интервенирано и од вработен во судската полиција. Имајќи го предвид погоре наведеното, Советот најде дека се паушални наводите по однос на пристрасното постапување на судијата, а со оглед да истите не се поткрепени со докази. По однос на останатите наводи во претставката, истите претставуваат жалбени наводи, па имајќи предвид дека против првостепената пресуда е изјавена жалба, повисокиот суд како единствено надлежен суд ќе ја оценува законитоста на истата. Поради наведеното, Советот најде дека претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.08-312/1 -** Во претставката се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот ПЛ1-П-572/20 во врска со донесена одлука.Советот по спроведени извиди во рамките на законските надлежности, констатира дека во предметот на Основен граѓански суд Скопје ПЛ1-П-572/20 Вие имате својство на доверител, а постапката пред судот се водела по приговор на должникот изјавен против нотарски платен налог. Постапувајќи по приговорот на должникот Основен граѓански суд Скопје на ден 17.03.2021година донел пресуда ПЛ1-П-572/20 со која приговорот на должникот е усвоен и нотарскиот платен налог е укинат.Против првостепената пресуда била изјавена жалба, по која Аплеационият суд Скопје донел одлука, од кое произлегува дека првостепената пресуда била предмет на оценка од страна на повисокиот суд.Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да испитува судска одлука, а согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.Поради горенаведеното, Советот најде дека претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.08-326/1 -** Во претставката се изразува незадоволство од работата на Судскиот совет во врска со претходни постапки, односно одлуки за постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје. Воедно, се изнесени наводи за однесувањето на судијата по предметот П.бр.8862/07.Советот одлучи преставката во делот кој се однесува на однесувањето на судијата, а за кое прашање претходно била поднесена претставка по која Советот одлучувал, во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) да не се повторува постапката, односно во тој дел истата да се архивира. Наводите во претставката кои се однесуваат за работата на Судскиот совет, односно изразеното незадоволство од претходното

постапување со наведување на паушални и навредливи заклучоци, Советот најде дека истите се неосновани. Ова од причина што Судскиот совет на Република Северна Македонија е колективно тело и претставките и поплаките ги разгледува и за нив одлучува на седница која е јавна, со мнозинство на гласови од присутните членови со право на глас и своите одлуки ги заснова на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. **Претставка УПП бр.08-342/1 -** Во претставката се изразува незадоволство од постапување на судија на Апелациониот суд  Скопје, во смисла на донесена одлука со која е потврдена првостепената одлука.Советот по спроведени извиди, најде дека Апелациониот суд Скопје постапувајќи по жалба изјавена во својство на приватен тужител против пресудата на Основен кривичен суд Скопје К бр.1932/16 од 11.07.2019 година, со пресуда КЖ-79/20 од 07.04.2021година, жалбата ја одбил како неоснована и првостепената пресуда ја потврдил.Согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите, така што Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да испитува судска одлука. Ова во смисла на член 13 став 3 од Законот за судовите, според кој судската одлука може да ја менува иили укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.Врз основа на погоре изнесеното Советот смета дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судијата кој постапувал по предметот, поради што претставката е неоснована. **Претставка УПП бр.08-350/1 -** Во претставката е изразено незадоволство од постапување на судија од Основен суд Кавадарци по предметот П4-15/20 во смисла на донесена одлука која според подносителот не е донесена врз основа на факти. Напоменува дека кај конкретниот судија имал и други предмети кои се завршени на нелогичен начин, на негова штета, а изразува сомнеж и за некаков договор помеѓу предметниот судија и адвокатот во својство на негов полномошник за кој исто така изразува незадоволство во текот на постапката. Истовремено бара од Судскиот совет да му помогне во Апелациониот суд Скопје предметот по изјавена жалба да добие реална правна завршница. Советот најде дека наводите кои се однесуваат на пристрасноста на судијата и наводен договор со полномошникот се паушални и непоткрепени со докази, дотолку повеќе што подносителот имал можност во текот на неколку постапки по кои постапувал истиот судија, како и во предметната, да бара изземање на судијата, кое не е сторено од страна на подносителот. Во однос на донесената одлука, Судскиот совет нема законска надлежност да се впушта во

утврдување на фактичката состојба ниту пак да влијае на судијата за тоа каква одлука да донесе, бидејќи согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13 став 3 од овој закон, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Со оглед да против донесената пресуда е изјавена жалба, во тек е жалбена постапка во која донесената пресуда ќе биде предмет на оцена од страна на повисокиот суд.Во врска со незадоволството од постапувањето на адвокатот во својство на полномошник во текот на постапката, надлежен орган за евентуална дисциплинска одговорност е Адвокатската комора на Република Северна Македонија. Поради горенаведеното, Советот најде дека претставката е неоснована. **Претставка УПП бр. бр.08-364/21-** Судскиот совет на Република Северна Македонија ја разгледа на седницата одржана на ден 26.08.2021 година и одлучи по претставката да не се постапува. Ова од причина што се констатира дека на ден 08.07.2021 година од страна на подносителот доставен е писмен поднесок со кој го известува Советот дека ја повлекува претставката против судија на Основен кривичен суд Скопје по предмет ПРК-Ј бр.853/20, поднесена на ден 15.06.2021година. **Претставка УПП бр.08-385/1 -** Во претставката се изразува незадоволство од  постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје, по предметот 29 П1-40/20 во смисла дека постапката се води пристрасно поради што и било побарано изземање на судијата, но од страна на претседателот на судот истото е одбиено. Од спроведените извиди, произлегува дека донесенето решение по предлогот за определување на привремена мерка било предмет на оцена од страна на Апелациониот суд Скопје кој го потврдил решението на првостепениот суд. Во врска со наводите кои се однесуваат на начинот на водење на постапката и во кој момент ќе се изведе некој доказ, одлучува судот и во текот на предметната постапка се применуваат одредбите од ЗПП.Со оглед дека постапката е во тек, а сомнеавањата за пристрасност на судијата не се поткрепени со докази, откако ќе биде донесена одлука и доколку е назадоволен од истата, а имајќи во предвид дека наводите претставуваат и жалбени наводи има законско право и можност да го оспорува тоа пред повисокиот суд, кој е единствено надлежен да ја оценува првостепената одлука во смисла на член 13 став 3 од Законот за судовите, според кој судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.Врз основа на горенаведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани. **Претставка УПП бр.08-**

**396/1 -**Во претставката се изразува незадоволство од постапување на судија на Основниот кривичен суд Скопје по предметот К бр.1351/19. Наведено е дека судијата ја оддолговлекува постапката со цел да настапи апсолутна застареност на кривичното гонење имајќи во предвид дека биле донесени две пресуди кои се укинати од страна на Апелациониот суд Скопје, а на крај е донесена и трета пресуда, па Апелациониот суд Скопје одлучувајќи по жалба констатирал дека настапила апсолутна застареност поради што и донел пресуда против обвинетата да се одбие обвинението. Воедно, се наведува дека судијата не постапил по напатствијата на повисокиот суд и со донесување на ослободителни пресуди кои му биле укинати овозможил да настапи апсолутна застареност на кривичното гонење. На 30.07.2021година е доставено дополнение на претставката со дообразлагање на фактичката состојба во врска со постапувањето на судијата. Од извршените извиди неспорно е дека постапката по предметот траела долг временски период и неспорно е дека настапила апсолутна застареност. Но со оглед дека постои сомнеж во врска со донесените одлуки кои биле укинати, а со оглед дека Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки во смисла на член 13 став 3 од Законот за судовите, Советот најде дека наводите во претставката се неосновани. **Претставка УПП бр.08-405/1** е насловена како приговор против писмено известување на Судскиот совет по претходно поднесена претставка УПП бр.08-177/21, со повторно наведување на сторените повреди во текот на постапката по предметот К.бр.496/19 кој се водел пред Основниот кривичен суд Скопје. Во претставката подносителот бара Судскиот совет да му достави списи од предметот К.бр.496/19, аудио и видео запис од одржано рочиште, како и да му биде овозможен увид во записник. Изразува сомнеж дека Судскиот совет на Република Северна Македонија, претседателот на Основниот кривичен суд Скопје и Основното јавно обвинителство Скопје се во дослух со судијата кој постапувал по предметот и меѓусебно се заштитуваат врз основа на вера и националност, а поради тоа го заштитуваат и оштетениот.Како и во претходно доставеното известување до подносителот, а кое е изготвено врз основа на констатираната состојба на главната расправа одржана на ден 26.04.2021 година, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршење на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Првостепената пресуда била предмет на оцена од страна на

повисокиот суд, кој ја укинал и предметот го вратил на повторно постапување и одлучување, при што е доделен на друг судија кој закажал главна расправа на 08.07.2021 година, на која не бил присутен обвинетиот, законскиот застапник и сведокот и истата е одложена за 02.12.2021година. Со оглед дека постапката по предметот е во тек, потребно е да се сочека исходот од повторената постапка, во која Основниот кривичен суд Скопје при одлучување е должен да ги има во предвид напатствијата на Апелациониот суд Скопје. Во врска со барањето за доставување на списи и докази од предмет на Основниот кривичен суд Скопје, Судскиот совет нема надлежност да постапува по истото, туку надлежен за постапување е Основниот кривичен суд Скопје, односно судијата кој постапува по конкретниот предмет до кој и треба да биде упатено барањето. По оценка на Советот, наводите кои се однесуваат на изразениот сомнеж за евентуална спрега по било кој основ, во конкретниот слуај врз основа на вера и националност, истите се паушални, непоткрепени со докази и неосновани индивидуални ставови и претпоставки врз основа на незадоволство на странка или нејзин полномошник од донесена одлука, но треба да се има во предвид дека причинуваат штета на угледот на судството генерално, за кој Судскиот совет неизмерно се залага. Во рамките на своите законски надлежности, една од примарните цели на Судскиот совет е да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството. Судскиот совет на Република Северна Македонија е самостоен и независен орган на судството и истиот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно Уставот и законите.Поради горенаведеното, Советот најде дека предметната претставка е несонована.

Во продолжение **Претседателот на Советот** даде збор на последниот известител, **членот на Советот Селим Адеми** да пристапи кон реферирање на претставките.

**Членот на Советот Селим Адеми** ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

По однос на претставките УПП.бр.08-381 и УПП.бр.08-392/21/21 кои се однесуваат за ист предмет и кои **членот на Советот Селим Адеми** ги реферираше паралелно побара да се проследат до ЈО со цел да се проверат наводите за постоење на корупција

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **членот на Советот Селим Адеми** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП.бр.08-207/1** од 23.03.2021 година - не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка до Советот заведена под број УПП бр.08-537/20 од 30.12.2020 година која е разгледана на одржана седница на Советот на 24.02.2021 година и оценета како неоснована за што подносителот е известен. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира. **Претставката УПП-226/21** од 30.03.2021 поднесена О. К. од Скопје, а препратена од Министерството за правда, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 26.08.2021 година и одлучи по истата да не постапува, согласно член 5 став 1 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите. **Претставката УПП-256/21** од 16.04.2021 поднесена Д. Б. од Скопје, а препратена од кабинетот на претседателот на Реопублика Северна Македонија, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 26.08.2021 година и одлучи по истата да не постапува,согласно член 5 став 1 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите. **Претставка УПП.бр.270/21** од 23.04.2021 година – поради незадоволство од донесена пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија Рев3 бр.2/2021 од 17.02.2021 година. Наводите во претставката во претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува согласно членот 11 од Законот за судовите. Во конкретниот случај првостепената пресуда е преиспитана во сите инстанци, па претставката на подносителот е неоснована. Се констатира дека во претставката поднесена од  И, К. од Скопје заведена во Советот под **УПП бр.08-279/1** од 27.04.2021 година не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка од истиот подносител заведена во Советот под број бр.08-132/21 од 15.12.2020 година која е разгледана на одржана седница на Советот на 30.03.2021 година и доставено е известување до

подносителот дека наводите се неосновани. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира. **Претставката УПП-347/21** од 09.06.2021 година е анонимен поднесок бидејќи нема податоци за тоа кој е подносител на истата, не содржи ниту потпис. Писмениот поднесок, напишан на компјутер се однесува на работата на Основниот суд Гевгелија, како и на донесено решение од истиот суд ПРК-Р-164/21. Од горенаведените причини Советот ја разгледа на седница одржана на ден 26.08.2021 година и одлучи по истата да не постапува,согласно член 8 став 1 од Законот за постапување по претставки и предлози. **Претставка УПП.бр.381/21** од 22.06.2021 година – поради незадоволство од нестручно и несовесно постапување на судија од Основен суд Штип по предметот П4-78/15, како и судии на Апелационен суд Штип кои одлучувале по поднесена жалба и истата ја одбиле како неоснована со пресуда ГЖ-205/21. Советот констатира дека наводите изнесени во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Ова согласно членот 11 од Законот за судовите каде е предвидено дека судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Согласно чл.13 од истиот закон Советот не е надлежен да испитува, менува или укинува судски одлуки, од причина што истите можат да се менуваат или укинуваат само од надлежен суд. **Претставка УПП.бр.392/21** од 30.06.2021 година - препратена од Владата на Република Северна Македонија подносителот – управител на В.  В. И. В. дооел Штип изразува незадоволство од нестручно и несовесно постапување на судија од Основен суд Штип по предметот П4-78/15, како и судии на Апелационен суд Штип кои одлучувале по поднесена жалба и истата ја одбиле како неоснована со пресуда ГЖ-205/21, иако во повеќе наврати претходно одлучиле во корист на тужените. Советот констатира дека наводите изнесени во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Ова согласно членот 11 од Законот за судовите каде е предвидено дека судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Согласно чл.13 од истиот закон Советот не е надлежен да испитува, менува или укинува судски одлуки, од причина што истите можат да се менуваат или укинуваат само од надлежен суд. Наводите во

претставката, кои се однесуваат на корупттивни активности на судиите кои постапувале по предметот Судскиот совет ќе ги процесуира до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција бидејќи истите не се во доменот на надлежно постапување на Советот.**Претставка УПП.бр.413/21** од 12.07.2021 година – поради незадоволство од донесени пресуди на Управниот суд У-2.бр.7/2019 и У-2 бр.6/2019 во постапка за денационализација, за иста правна работа, а за кои Вишиот управен суд со две посебни одлуки одлучува различно и спротивно на законот со што подносителот смета дека е оштетен и без право на понатамошен лек. Наводите во претставката во претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува согласно членот 11 од Законот за судовите каде е предвидено дека судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Во конкретниот случај првостепените пресуди се преиспитани од страна на Вишиот управен суд кој дал доволно образложени причини од кои се водел при одлучувањето.

По однос на претставките УПП.бр.08-381 и УПП.бр.08-392/21/21 **Претседателот на Советот** го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** координаторите за работата на Апелационен суд Штип и Врховен суд на РСМ да ја следат работата по предметот.

Материјалите од предметите да се испратат до Јавното обвинителство да го испита случајот од аспект на своите надлежности.

**Претседателот на Советот** констатираше дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 2-та точка од Дневниот ред – „Разно“.

**Точка 2**

**Разно**

Во 2-та точка од Дневниот ред П**ретседателот на Советот,** најнапред ги информираше членовите на Советот дека од страна

на Солтир Ташков, судија на Основен суд Штип до Советот е доставено барање за престанок на судиска функција.

Во таа насока информираше дека со допис испратен по пошта од 07.07.2021 година и допис евидентиран во Советот под бр.03-1146/21 од 04.08.2021 година Солтир Ташков, судија на Основен суд Штип бара Советот да донесе решение со кое ќе констатира престанок на неговата судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Во продолжение **Претседателот на Советот** дополни дека во барањето судијата образложил дека досега во два наврати има поднесено барања за продолжување на судискиот мандат од по една година и дека тоа нема да го стори и нареден пат поради кои причини неговиот судиски мандат завршува на 02.08.2021 година кога ги исполнува условите за старосна пензија.

Врз основа на гореизложеното **Претседателот на Советот** предложи да се констатира престанок на судиската функција на Солтир Ташков, судија на Основен суд Штип на негово барање, а поради исполнување услови за старосна пензија.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по барањето на Солтир Ташков, судија на Основен суд Штип за констатирање престанок на судиската функција по сопствено барање.

Откако констатира дека никој не се јави за збор **Претседателот на Советот,** барањето на Солтир Ташков, судија на Основен суд Штип за престанок на судиската функција **по сопствено барање**, го стави на гласање

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За" е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УТВРДУВА** престанок на судиската функција на Солтир Ташков, судија на Основен суд Штип, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 26.08.2021 година.

П**ретседателот на Советот,** во продолжение информираше дека до Советот е доставено уште едно барање за престанок на судиска функција од Виолета Поповска Тројаценец, судија на Основен суд Прилеп.

Во таа насока информираше дека со допис евидентиран во Советот под бр.023-1312/1 од 12.08.2021 година Виолета Поповска Тројацанец, судија на Основен суд Прилеп бара да биде разрешена од судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Во продолжение **Претседателот на Советот** дополни дека во барањето судијата образложил дека е родена на ...... година, дека има навршено 62 години возраст и дека судиската функција во Основен суд Прилеп ја извршува 25 години сметано од 27.06.1996 година кога е избрана за судија.

Врз основа на гореизложеното **Претседателот на Советот** предложи да се констатира престанок на судиската функција на Виолета Поповска Тројацанец, судија на Основен суд Прилеп на нејзино барање, а поради исполнување услови за старосна пензија.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по барањето на Виолета Поповска Тројачанец, судија на Основен суд Прилеп за констатирање престанок на судиската функција по сопствено барање, а поради исполнување на услови за старосна пензија.

Откако констатира дека никој не се јави за збор **Претседателот на Советот,** барањето на Виолета Поповска Тројачанец, судија на Основен суд Прилеп за престанок на судиската функција, го стави на гласање

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За" е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УТВРДУВА** престанок на судиската функција на Виолета Поповска Тројачанец, судија на Основен суд Прилеп, по сопствено барање, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 26.08.2021 година.

Во продолжение **Претседателот на Советот** истакна дека на ден 06.08.2021 година е донесено решение за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје. Во врска со донесеното решение, а согласно чл.8а ст.1 од Изборниот законик **Претседателот на Советот** предложи Судскиот совет на РСМ да донесе заклучок за ставање во мирување на сите постапки за утврдување на одговорност на судија

или претседател на суд во периодот од денот на донесување на одлуката  за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, до денот на завршување на изборот на членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје.

Предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

Постапките за утврдување на одговорност на претседател на суд/судија, во сите фази на постапување и тоа: барањата за утврдување одговорност на претседател на суд или судија за кои по приемот во Советот не е формирана Комисија на известители, започнатите постапки по кои комисиите на известители имаат превземено одредени дејствија, како и постапките кои се во фаза на изготвен извештај за констатирана состојба, од денот на донесување на одлуката за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, до денот на завршување на изборите за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје се ставаат **ВО МИРУВАЊЕ.**

Во продолжение **Претседателот на Советот** ги информираше членовите на Советот дека Илија Стојанов, судија на Основен суд Струмица кој е времено упатен на извршување на судиската функција во Основен суд Берово и воедно ја извршува функцијата ВД претседател на Основен суд Берово до Судскиот совет поднел изјава  заведена во Советот под бр.02-1329/1 од 23 08.2021 година со која изјавува дека е доброволно согласен и во наредниот период, по завршување на временскиот период за кој е делегиран во Основен суд Берово повторно да биде делегиран од Основен суд Струмица во Основен суд Берово каде да продолжи да ги извршува функциите на судија и ВД претседател на Основен суд Берово. **Претседателот на Советот** дополни дека со решение  бр.02-1317/2 од 27.08.2020 година донесено од Судскиот совет на РСМ мандатот

на Илија Стојанов, судија на Основен суд Струмица, на негово барање му е продолжен до 06.07.2022 година.

**Претседателот на Советот** отвори дискусија по барањето/изјавата доставена од Илија Стојанов, судија на Основен суд Струмица. Побара од членовите на Советот да дадат свои размислувања по однос на наведеното барање, пред се по однос на околноста дали е можно да се вршат делегирања во наведениот период поради  донесената одлука за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје.

За збор се јави **членот на Советот Киро Здравев**. Истакна дека смета дека нема правни пречки за времено упатување на судии од еден во друг суд во наведенив период и покрај донесената одлука за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје ако се има во предвид дека Судскиот совет го следи работењето на судовите Дополни дека смета дека Советот несмее да дозволи Основниот суд Берово да остане без судии бидејќи таму функцијата ја вршат Илија Стојанов кому му истекува односно временото упатување и Маја Димитрова која што е делигирана од Основниот граѓански суд. Во продолежение истакна дека значи според негово размислување не постојат пречки за делегирање дополнувајќи дека при временото упатување ќе треба да се внимава на барање на судијата Илија Стојанов, кому мандатот како судија му е продолежен до 06.07.2022 наспроти измените на Законот за работни односи кои предвидуваат пензионирање на  лицата ки имаат исполнето услови до 30.06.2022 година, аналогно на што смета дека повторното времено упатување на судијата Илија Стојанов од Основен суд Струмица во Основен суд Берово треба да биде заклучно до 30.06.2022 година, а не до датумот кој тој го бара бидејќи во тој случај упатувањето ќе биде во контрадикторност со законските одредби. Во таа насока предложи барањето на Илија Стојанов, судија на Основен суд Струмица за времено упатување во Основен суд Берово да се уважи со тоа што истиот времено ќе биде упатен да ја извршува судиската функција во Основен суд Берово заклучно со 30 јуни.2022 година и во овој период да биде ВД претседател на ОС Берово.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека и според нејзините размислувања нема дилема дека нема законска пречка за времено упатување особено што одредбата од Изборниот законик

предвидува дека во итни и неодложни случаи може да се постапува. Во таа насока имајќи ја во предвид состојбата во Основен суд Берово истакна дека смета дека се работи за итна работа поради што и нема потреба да се чека.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** предложи Илија Стојанов, судија на Основен суд Струмица на негово барање повторно времено да се упати на извршување на судиската функција во Основен суд Берово заклучно со 30.06.2022 година. Воедно, истакна дека има дилема по однос на околноста дали во решението за времено упатување да стои и дека судијата Илија Стојанов  ја извршува и функцијата ВД претседател на Основен суд Берово, со оглед на околноста дека тоа е факт, односно дека судијата Илија Стојанов покрај судија истовремено е и ВД претседател на Основниот суд Берово.

Отвори расправа по однос на ова прашање.

За збор се јави **членот на Советот Сашко Георгиев.** Истакна дека смета дека во решението за времено упатување треба да стои и дека судијата Илија Стојанов ја извршува и функцијата ВД претседател на Основен суд Берово.

**Членот на Советот Гордана Спиреска** истакна дека се согласува **дека** во решението за времено упатување треба да стои и дека судијата Илија Стојанов ја извршува и функцијата ВД претседател на Основен суд Берово.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** повторно на гласање го стави предлогот Илија Стојанов, судија на Основен суд Струмица на негово барање времено да се упати на извршување на судиската функција во  Основен суд Берово заклучно со 30.06.2022 година, со напомена во решението да се назначи и дека судијата ја извршува и функцијата ВД претседател на Основен суд Берово.

Предлогот го стави на гласање. По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Илија Стојанов,** судија на Основен суд Струмица, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Берово, сметано од 01.09.2021 година, заклучно до 30.06.2022 година.

**Илија Стојанов** во периодот сметано од 01.09.2021 година, заклучно до 30.06.2022 година ќе продолжи да ја извршува и функцијата ВД претседател на Основен суд Берово

За упатувањето да се извести претседателот на Основен суд Струмица и претседателот на Основен суд Берово.

**Претседателот на Советот** информираше дека од страна на претседателот на Основен суд Крушево со допис СУ.бр. 03-179/21 од 26.07.2021 година е доставено барање за времено упатување на еден судја во Основен суд Крушево од подрачјето на Апелационен суд Битола од причини што мандатот на досега времено упатениот судија Хаџо Тариќ од Основен суд Битола истекува и судијата ќе се врати на работа во својот матичен суд – Основен суд Битола, како и поради околноста што Основниот суд Крушево работи само со еден судија кој истовремено ја извршува и функцијата претседател.

Во насока на истакнатото барање од претседателот на Основен суд Крушево, **Претседателот на Советот** предложи да се задолжат координаторите за работата на Основен суд Прилеп и Основен суд Битола да побарат од претседателите на наведените судови да се произнесат дали во нивните судови има судии кои доброволно би прифатиле да бидат времено упатени на извршување на судиската функција во Основен суд Крушево.

За збор се јави **членот на Советот Селим Адеми**. Истакна дека од страна на Советот е донесен заклучок, во случај на потреба за времено упатување на судии од еден во друг суд, тоа да се прави од редот на судиите избрани од Академијата за судии и ЈО. Во таа насока истакна дека доколку во Основниот суд Битола или Основниот суд Прилеп има судии избрани од редот на академците да се делегира некој од тие судии со што работта ќе се смета за завршена.

**Претседателот на Советот** во контекст на темата на разговор за времено упатување на судии истакна дека потреба за времено упатување на судија има и во Основен суд Делчево од причини што мандатот на досега делегираниот судија Виолета Миладинова, од

Основен суд Кочани е истечен на 03.08.2021 година и судијата е вратена на работа во својот матичен суд.

**Членот на Советот Киро Здравев** истакна дека координаторо за работата на Основен суд Кочани треба да се обрати до Основен суд Кочани со барање судијата Виолета Миладинова да се произнесе дали повторно сака доброволно да биде времено упатена на извршување на судиската функција во Основен суд Делчево за уште еден мандат.

**Претседателот на Советот** информираше дека координаторот за работата на Основен кривичен суд Скопје, **членот на Советот Весна Дамева** доставила известување со кое известува дека од страна на претседателот на Основен кривичен суд Скопје е доставено писмено известување 03 СУ.бр.275/21-1 од 28.07.2021 година со кое Советот се известува дека при изготвување на предлог листата за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје е направена техничка грешна во презимето на пријавениот кандидат, така што наместо „Ивона Јакомовска“ треба да стои „Ивона јакимовска“. Дополни дека врз основа на вака доставената предлог листа Советот на седница одржана на 14.07.2021 година донел одлука за избор на судии поротници меѓу кои и за посочениот судија поротник назначен под реден број 5 во листата. Претседателот на Советот во продолежние истакна дека согласно доставеното известување координаторот за работата на Основен кривичен суд Скопје, **членот на Советот Весна Дамева** Советот треба да донесе одлука за измена на одлуката за избор на судии поротници со која ќе се изврши корекција на направената техничка грешка, по што одлуката да се објави во Службен весник на РСМ.

Во продолжение констатира дека едногласно е донесена следната

**О Д Л У К А**

за измена и дополнување на одлуката за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје, бр. 02-1057/3 од 20.07.2021 година

Одлуката за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се менува и дополнува на следниот начин:

- во изреката на Одлуката под реден број 3 наместо „Ивона Јакомовска од Скопје“ треба да стои „Ивона Јакимовска од Скопје“.

Во останатиот дел одлуката бр. 02-1057/3 од 20.07.2021 година година останува **НЕИЗМЕНЕТА.**

**Претседателот на Советот** истакна дека во продолжение ќе се разгледа Годишниот план за вработување. Збор даде на генералниот секретар на Советот, Анита Андоноска да го образложи планот за вработување.

**Генералниот секретар на Советот, Анита Андоноска** истакна дека **с**огласно одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор потребно е заклучно со 01 септември да се направи годишен план за вработување. Во продолжение истакна дека имајќи во предвид дека минатата година Советот има добиено согласност за пополнување на 8 работни места, единствено слободни работни места кои моментално се упразнети согласно систематизацијата се работнитео места –„државен советник за студиско аналитички и документациони работи, односно местото на кое работеше И. Б. и работното место „референт“ на кое работење Наташа Јаневска која што даде отказ и си замина и уште работното место „државен совеник за односи со јавност“ од причини што вработената на ова работно место, В. А. веќе не е задолжена за односи со јавност. Врз основа на изложеното истакна дека се работи за три работни места коишто се ослободени и дека смета дека за истите би се добила согласност од Министерството за финансии за нивно пополнување.

**Претседателот на Советот** истакна дека смета дека бидејќи со овој План за вработување кој се однесува за 2022 година Советот ќе бара согласност за вработување од МИОА и од Министерство за финансии секогаш треба да се бара нешто повеќе за да се добијат овие три работни места.

**Членот на Советот Киро Здравев** истакна дека смета дека согласно со постојната систематизација за сите работни места што се упразнети треба да се бара пополнување.

**Членот на Советот Селим Адеми** истакна дека според планот за вработување има 6 вработувања, а во табела има само за тројца.

**Генералниот секретар на Советот, Анита Андоноска** објасни дека 7 работни места се од претходната година.

**Членот на Советот Селим Адеми** истакна дека се согласува со ставот на судијата Киро Здравев, дека Советот треба да бара согласност да се пополнат работните места според систематизацијата. Воедно, истакна дека во Судскиот совет многу долго време нема интерен конкурс за да аплицираат веќе вработени во Советот за унапредување, дополнувајќи дека формуларот што го гледа не се однесува само за вработување, туку и за делот за унапредување.

**Членот на Советот Гордана Спиреска** истакна дека потполно се согласува со кажаното од страна на членот на Советот Селим Адеми, дополнувајќи дека Советот нема време за чекање за нашите вработени. Смета дека што побрзо треба да се смени систематизација или што треба да се направи во таа насока со цел да можат и веќе вработените во Советот да се унапредат и да добијат повисоко звање.

**Членот на Советот Киро Здавев** истакна дека Советот има донесено и Стратегија за развој на Судски совет за 2022 година, како и Стратегијата за развој на човечките ресурси. Во таа насока смета дека треба да се направи нова систематизација онака како што Советот ќе ја замисли спрема потребите на Судскиот совет со цел да се избегне оној што е „помлад советник“ и што работи 10 години на ова место да не зема помалку плата од „државен советник“ кој е примен после него и работи само 1 година. Смета дека таквата состојба, оној што работи 1 година да зема повеќе плата од оној што работи 10 година е апсурдна, но сепак ја има и во судската служба. Дополни дека и во судовите има ситуации на „помлади стручни соработници“ од кои некои работат по 15 години, но во меѓувреме се упразнува место за „самостоен стручен соработник“, меѓутоа има разлика во плата. Смета дека во иднина ќе мора да се пристапи и да се почне кон реализиција на она што Советот го има зацртано во своите законски акти .

Претседателот на Советот врз основа на изложените дискусии истакна дека е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

Со Планот за вработување за 2022 година да се побараат согласности за вработувања за сите упразнети места што се по постојната систематизација.

Да се формира комисија за изработка на нова систематизација на Судскиот совет на РСМ.

Членови на комисијата да бидат членовите на Советот Селим Адеми, Мирсад Суроји и Сашко Георгиев и генералниот секретар на Советот, Анита Андоноска, како највисок претставник на службата.

**Претседателот на Советот** истакна дека поради заминување во пензија на **членот на Советот Владе Богданоски** кој ја извршување должноста координатор за работењето на Основен суд Кичево, Основен суд Струга и Апелационен суд Скопје овоие судови веќе подолго време немаат координатор. Дополни дека за овие судови мора да се назначат координатори од останатите членови на Советот.

Во таа насока за координатор за работењето на Основен суд Струга го назначи **членот на Советот Селим Адеми**.

За координатор за работењето на Основен суд Гостивар го назначи **членот на Советот Ханиф Зендели**.

За координатор за работењето на Апелационен суд Скопје го назначи **членот на Советот Гордана Спиреска**.

**Претседателот на Советот** истакна и дека по кажување на координаторите за работата на Основниот суд Тетово, Основниот суд Ресен, Основниот суд Куманово и Основниот кривичен суд Скопје мандатот на претседателите на наведените судови истекува во скоро време. Во таа насока постави прашање и побара произнесување од членовите на Советот : - „Дали да се распишуваат огласи за избор на претседатели во наведените судови согласно престојните локални избори“?

**Членот на Советот Селим Адеми** смета дека законот е јасен и дека во овој изборен период неможе да се распишуваат огласи да избор на претседатели на судови. Дополни дека во Советот има пракса на претседателите на судовите на кои им истекува мандатот истиот да им се продолжи, односно да продолжат да ја извршуваат функцијата ВД претседател на судот до завршување на изборите, а пио нивно завршување да се распише оглас за избор на нови претседатели.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека се согласува со ставот на членот на Советот Селим Адеми, односно дека во изборниот период ниту може да се избираат, ниту да се

разрешуваат судии или претседатели на судови. Поради наведеното дополни дека смета дека мандатот на наведените претседатели треба да им се продолжи до завршување на изборите.

Откако констатира дека никој од **членовите на Советот** повеќе не се јави за збор, **Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпен Дневниот ред на 380-та седница на Советот и дека истата е завршена во 14,30 часот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Павлина Црвенковска**